**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Четвртото продолжение на Дваесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 25 јуни 2007 година**

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,41 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше господин Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Ги повикувам пратениците да влезат во салата и да си ги завземат своите места.

Продолжуваме со работа по Дваесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Али Ахмети, Фазли Велиу, Блерим Беџети, Бесим Догани, Зоран Витанов, Љубчо Георгиевски, Елмазе Селмани, Арбен Џафери, Мендух Тачи, Даут Реџепи, Фијат Цановски, Валентина Божиновска, Тито Петковски, Абдулади Вејсели, Лазар Китановски, Владо Бучковски, Марјан Додовски, Теута Арифи, Илинка Митрева, Радмила Шекеринска и Есад Рахиќ ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Предлог за донесување на деловник на Собранието на Република Македонија. Продолжуваме со претрес.

Процедурално господинот Рафис Алити, повелете.

**Рафис Алити:** Ви благодарам. Барам еден час пауза во име на парламентарната група, бидејќи кога почна расправата за Деловникот на Собранието, ние не бевме присутни и за многу детали и поединости кои се случија во врска со овој Деловник,посебно во координациите кои се одржаа пратениците на ДУИ, се разбира и ПДП не сме доволно информирани. Ние сме од изутрина тука и присуствувавме на комисии кои започнаа во 10,00 часот во текот на денешниот ден не бевме во можност да ги сознаеме деталите како течеше расправата околу овој нов Деловник и се разбира тоа што се случуваше.

Заради ова бараме пауза од еден час.

**Љубиша Георгиевски:** Еден час пауза по барање на пратеничката група на ДУИ.

(Пауза од 11,44 часот).

(По паузата седницата продолжи во 12,50 часот)

**Љубиша Георгиевски:** Ги повикувампратениците да влезат во салата,продолжуваме со работа.

Продолжуваме со претрес.

Процедурално, господинот Рафис Алити.

**Рафис Алити:** Ви благодарам.

Јас во име на парламентарната група ДУИ-ПДП ќе побараме од предлагачот да го повлече овој Предлог за донесување на деловник како што е предвидено, бидејќи наша оценка е дека најнапред треба да се постигне консензус меѓу сите политички субјекти кои се во ова Собрание, што значи веднаш по тоа треба да се пушти деловникот на Собранието да оди во една фаза.Оваа наша оценка е поради фактот дека ние како парламентарна група нависитна сме сериозни и сакаме да го почитуваме постигнатиот договор помеѓу ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ. Истовремено сакаме тој договор да ги има во предвид роковите предвидени во тој договор за донесувањето на Деловникот и се разбира имплементацијата на тој договор и во праксата. Така што наша оценка е дека национален интерес и државен интерес на Република Македонија е овој договор да се почитува, се разбира имајќи го во предвид и донесувањето на новиот деловник на Собранието на Република Македонија. Во спротивно ние цениме дека до колку продолжи вака со вакво работење има симптоми овој договор да не се почитува, да се одолговлекува така како што се случуваше во минатото како што направија опструкции на имплеметанцијата на Охридскиот договор. Наша оценка е дека истото може да се случи до колку ќе одиме да носиме деловник во две фази. Сите сте известени дека роковите не ветуваат многу. И токму поради тоа јас би апелирал уште еднаш до предлагачот на овој Предлог, да се повлече овој Предлог за донесување на деловник кој е пред вас, или за кој сте расправале, да постигнеме еден консензус и да се разгледа во еден што пократок можен рок Предлог деловникот да се стави на пленарна седница. И доколку имаме консензус, ценам дека ќе донесеме еден Предлог деловник и нема да имаме долги расправии и дискусии било од опозицијата, или позицијата. Најнапред треба да бидеме свесни, да покажеме политичка зрелост дека тој договор кој се постигна е договор во интерес на евроатпанските интеграции, е од интерес и на позицијата и на опозицијата, од национален наш интерес. И токму поради ова велам не е добро повторно во оваа прилика би апелирал до опозицијата да правиме политика уште од старт, посебно со овој деловник и понатаму се разбира и за имплементацијата на другите точки.

**Љубиша Георгиевски:** Господинот Ружди Матоши, господинот Абдуљади Вејсели, госпоѓа Силвана Бонева, госпоѓа Роза Топузова-Каревска и господинот Јани Макрадули, претпоставувам дека се процедурални интервенции.

Сите тие се процедурални интервенции по три минути,одиме по овој редослед.

**Ружди Матоши:** Ви благодарам господине претседателе, почитувани пратеници, ова процедурално го барам за злоупотребата што се врши од оваа говорница од дискусијата на господинот Рафис Алити. Тој овде беше конфузен затоа што од една страна вели дека треба да се псотигне консензус, а од друга страна вели дека треба да се почитува постигнатиот договор. Ние гледаме дека ДУИ сака да вгради пред јавноста една голема лага на некој фамозен договор кои водат политика и ќе ги уредат интересите на албанците. Јас лично сакам да ви укажам на

пошироката јавност дека ДУИ сака да го покрие својот четиригодишен срам, срам во овој сегмент кој тие сакаат да го упатат со овој нивен договор како што го нарекуваат со ВМРО-ДПМНЕ. Тие беа 4 години на власт и не уредија ниту еден сегмент од употребата на албанскиот јазик, ниту водењето на комисиите, ниту еден деловник, дури и Предлог деловникот на поранешниот претседател на Парламентот Јордановски не предвидува никаде употреба на албанскиот јазик. Значи, сите овие фамозни теми кои сакаат тие да ги вградат и пред јавноста сакаат само да си го исплакнат својот срам во текот на четирите години на власт во Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Господине Абдуладн Вејсели, вашите три минути. Нема реплики.

**Рафис Алити:** Јас бев спомнат.

Господине Ружди Матоши треба да го научиш Деловникот. По се изгледа ти не си го прочитал ниту Деловникот и говориш паушално. Кога ќе спомнеш некого, тогаш и тој ќе ти врати одговор. Затоа треба да бидеш внимателен кога споменуваш имиња. Така што срамот чувајте си го за себе. Вашиот срам е ваш. Ако ние имаме срам, тогаш тој е наш. И ние ќе положиме сметка за нашиот срам пред нашето гласачко тело и пред секој друг граѓанин. Додека во однос на Деловникот, Деловникот го донесе вашиот парламентерен состав ДПА-ПДП. И вие со овој Предлог, со овој Деловник го деградирате албанскиот јазик, не го унапредувате албанскиот јазик. И ова укажува дека вие и тие кои стојат позади вас говорите големи зборови пред албанската јавност, но работите не се такви како што вие претендирате да ги укажете. Така што прочитајте го актуелниот Деловник,прочитајте го и деловникот кој сега го предлагате и понатаму излезете пред албанската јавност и кажувајте големи зборови како што имате навика. Со импровизации работите не одат напред. Ова што вие го правите не е од интерес ниту на Македонците, ниту во интерес на Албанците. Вие господа проблемите ги покривате под тепих, а не ги решавате. И покривањето на проблемите под тепих ќе донесат нови проблеми. Затоа пристапете сериозно на работите така како што пријде вашата парламентарна група, но во еден поинаков состав кога зборот кој го говореа во Собраниево го одржаа и на прес конференции. А вие излегувате им велите на Албанците дека работите ќе течат градуално. Ние бараме како парламентарна група да се почитува Уставот, Охридскиот рамковен договор. И ова треба да му биде јасно и на Ружди Матши и на сите други кои се во ова Собрание. Пазарења со Охридскиот договор и со Уставот нема, господине Ружди.

**Љубиша Георгиевски:** Реплика една минута, Ружди Матоши.

**Ружди Матоши:** Јас лично и мојата партија сме одговорни во однос на албанците. И се гордеам што сум раководител на една партија, а со тоа го стабилизираме спектарот на албанското работење во Македонија. Господине Рафис,како што знаете 4 години бевте на власт и ништо не направивте за Охридскиот рамковен договор, а уште помалку за албанскиот јазик. Но, комплет како група сте се занимавале со мафијашки работи, со убиства, со кражби, со лоповлуци и со други девијантни елементи кои ги има албанското општество. Вие сте ги стимулирале и ги вградивте кај албанците. Напротив, овие 9 месеци владеење имаме поинаков пристап, имаме една слобода, имаме развој и мир и криминалците кои сте ги негувале, сите се во дупка. И во иднина ќе го правиме тоа, додека вие треба да се уредите сами себеси. А одговорноста која ја имате во однос на албанците е голема, бидејки големите работи и работите под тепих вие сте ги внеле.

**Абдуљади Вејсели:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, ние треба да бидеме, ако сме политичари и сме претставници на народот пред оваа говорница треба да бидеме искрени, да не говориме и да постапуваме поинаку надвор од овие парламентарни клупи и од оваа сала и поинаку да говориме пред јавноста од оваа сала. Кој е виновник за неимплементацијата на Охридскиот договор и непочитувањето на роковите кои не се почитуваа од поранешниот парламентарен состав, јавнсота може да оцени многу лесно, затоа што ние навистина го потпишавме Охридскиот договор, но вие требаше да го имплементирате Охридскиот договор. Но сите знаат и вие сега говорите дека клучните столбови на Охридскиот договор не се имплементирани во четиригодишниот мандат на СДСМ и ДУИ. Јас знам дека како коалициони партнери имавте одговорност да не му падне рејтингот на СДСМ. Затоа и не сте го донеле деловникот, правичната застапеност во државните институции во Република Македонија, не сте ја донеле употребата на албанскиот јазик.

(Господинот Никола Поповски дофрлува од место).

Зошто се јавуваш од место? Излези и ти зборувај на говорница.

Второ прашање за кое што сакам да ја информирам јавноста, господинот Рафис...

((Господинот Никола Поповски дофрлува од место).

Како ти што зборуваш за СДСМ. Зборувај за СДСМ. Никола, те познавам добро од 1994 година. Сега немој да ги отвараме картите. Ако ме знаеш добро, можеме да разговараме, можеш да реплицираш надвор, или внатре, каде што сакаш.

Господине Никола можеш да молчиш, а кога ќе ти дојде редот можеш да дојдеш тука. Кој ти дозволува ти да ми кажеш мене? Помина тоа време што можеше да владееш.

**Љубиша Георгиевски:** Пауза 15 минути.

(Пауза од 13,04 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 13,10 часот)

**Љубиша Георгиевски:** Ги повикувам пратениците да влезат во салата, продолжуваме со седницата.

Продолжуваме таму каде што застанавме.

Господине Вејсели, според нашиот часовник овде имате минута ипол да продолжите со вашата процедурална интервенција.

Но, пред да почнете, би ве замолил да ми отстапите само неколку секунди.

Навистина би сакал да апелирам.

**Абдулади Вејсели:** Господине претседателе јас не отстапувам.

Воспитанието на Никола Поповски, од место да реагира, тоа е невообичаено.

Прво, не му личи.

Второ, ако му личи нека каже пред јавноста.

**Љубиша Георгиевски:** Не земам од вашето време.

**Абдулади Вејсели:** Второто прашање, за кое сакав да ја известам јавноста, не за да го обвинам некого, туку да биде информирана правилно јавноста, да не се информира искривено од пратениците на ДУИ, односно од координаторот, господинот Рафис Алити, кога вели дека, односно, кога говори за договорот меѓу ДУИ и ВМРО-ДПМНЕ.

Господине Рафис, треба да бидеш искрен и да дојдеш на говорницата и да кажеш дека пред неколку дена лидерите на политичките партии се сретнаа во Клубот на пратениците. Меѓу другото, говорено е и за Судскиот совет, за Обвинителството.

Господинот премиер ја отвори темата на договор меѓу ДУИ и ВМРО-ДПМНЕ. Господинот Груевски рече вака: “Имам договор за 46 закони кои треба да се гласаат со Бадентер со двојно гласање и имам договор за рекомпонирање на Комитетот за односи меѓу заедниците, треба да излезе еден од ВМРО-ДПМНЕ и да стапи еден од СДСМ.

Трето, имам договор, да се донесе закон за Комитетот”.

За други прашања рече дека нема договор. Ве молам, сите лидери на политичките партии во Парламентот, кои во Собранието расправале за отворени прашања, кои се отворени за Република Македонија, вие господине Рафис Алити зошто не реагиравте на дискусијата на господинот Груевски.

Јас не знам дали сте ја информирале правилно и вашата партија, но вие не реагиравте. Значи, признавте тоа што го кажа господинот Груевски.

Не е добро да ја лажеме јавноста дека има договор, или нема договор. Ако е вака, тогаш е попусто и навистина, е ниско да излеземе и да манипулираме со јавноста. Попатно е да говориме и да отвориме конзебилност за Деловникот и за другите прашања. Но, не е добро да кажуваме нешто пред јавноста, а нешто друго во затворени врати, без присуство на средствата за јавно информирање. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Збор има процедурално, госпоѓа Силвана Бонева, повелете.

(На говорница излегува пратеникот Рафис Алити).

Не, не вие, ќе си добиете збор кога ќе ви дојде редот.

**Рафис Алити:** Јас бев повикан во дискусијата.

**Љубиша Георгиевски:** Да, во дискусијата, ама не процедурално.

**Рафис Алити:** Ама не процедуралното да биде реплика.

**Љубиша Георгиевски:** Јас ќе ви дадам збор. Не е никаков проблем. Само ќе се отворат повторно нови проблеми. Вие дека бевте спомнати, бевте спомнати. Но, дека тоа во процедурална расправа не се бара реплика и не се дава.

**Рафис Алити:** Јас во мојата процедурална не спомнав ниедно име.

**Љубиша Георгиевски:** Повелете, на моја одговорност.

**Рафис Алити:** Ви благодарам.

Господине Вејсели, вие треба да знаете дека ниту сте биле на тие договори присутен, кога се постигна договорот меѓу лидерот на ДУИ и се разбира, лидерот на ВМРО-ДПМНЕ.

Вие сигурно внимателно сте ме следеле тој ден и не случајно реков и предложив дека ваквите средби на позицијата да ја претставува само господинот Груевски, а не сите други, кои се собираат таму само да кажат нешто, колку да биде кажано пред господинот Груевски, така што, што се однесува до договорот, ќе беше добро, бидејќи и вие сте дел од таа коалиција, да се консултирате со господинот Милошоски, односно со министерот за надворешни работи за тоа, што известил во Брисел. Има или нема договор. И не случајно ДУИ ги определи носителите на работните тела за пет точки. Вие како ќе се договорите, дали ќе го опструирате овој договор, или ќе го почитувате зборот на господинот Груевски, тоа е проблем на мнозинството, не е проблем на ДУИ. Ние немаме потреба да ја лажеме ниту албанската јавноста, ниту македонската јавност.

Јас во мојот говор бев многу конкретен и јасен. Предложив, да се повлече овој Предлог за Деловникот, да се постигне консензус меѓу партиите, политичките субјекти во Собранието и се разбира, не со дебати, како што се предвидува тука да се усвои Деловникот. Тоа е државен интерес и тоа треба да го разберат сите пратеници, кои што се избрани, независно кој на кој политички субјект припаѓа. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Контра реплика, Абдулади Вејсели една минута, повелете.

**Абдулади Вејсели:** Благодарам.

Господине Рафис, јас кажав една вистина за која вие не реагиравте во Клубот на пратениците во произнесувањето на господинот премиер. Ова е веќе завршена работа. Дали има договор, или нема договор, тоа е ваше интерно прашање. Но, јас да бев на ваше место, кога јас ќе кажам дека има договор, а излегува дека вашиот претседател лаже, јас би постапил поинаку. Ова е прво.

Второ, доколку имаше некој договор, вие нема да седевте мирни, туку ќе го покачевте вашиот глас на таа средба и ќе го кажевте вашиот збор. Но, бидејќи вака ги правите работите тајно, и се согласувате со се, и што не е дел од договорот, тоа е друго прашање за кое треба да кажете во јавноста нешто сосема друго.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Госпоѓа Силвана Бонева, повелете.

Не може реплика. На контрареплика не може реплика. Повелете госпоѓо Бонева.

(На говорницата излегува пратеник Славица Грковска).

Не, исклучете ја. Не може. Исклучете ја.

Повелете госпоѓо Силвана.

**Силвана Бонева:** Претседателе треба да се овозможат услови.

**Љубиша Георгиевски:** Пауза половина час.

(Пауза од 13,25 часот)

**Иван Анастасовски:** Почитувани колеги,

Бидејќи координацијата сеуште е во тек, а паузата беше објавена во период од 30-тина минути, а деловничка обвска е да објавиме пауза за ручек, во тој случај, се додека не заврши координацијата, ја давам редовната пауза за ручек до 15,00 часот.

Ви благодарам.

(По паузата за ручек седницата продолжи со работа во 15,07 часот)

**Иван Анастасовски:** Ги повикувам пратениците да влезат во салата, продолжуваме со работа.

Бидејќи пред паузата имавме координација на која што се договоривме за одредини активности, како ќе продолжи текот на седницата, од она што знам, дел од колегите се за процедурална забелешка.

Ако може списокот за да видам кој уште е пријавен.

Бидејќи списокот на пријавени е долг, прва за процедурална забелешка се пријави, пратеник госпоѓа Силвана Бонева.

А процедурална забелешка пратеник госпоѓа Силвана Бонева, повелете вашите три минути.

Само јас да запишам кои од колегите се пријавени за процедурална забелешка.

**Силвана Бонева:** Благодарам почитуван потпретседателе,

Сосема на кратко сакам да го искажам ставот на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ во однос на предлогот на колегите од политичката партија ДУИ.

Нивното барање беше да се повлече Предлогот на деловник за работа на Собранието за да се постигне консензус. Двете фази да се гледаат одднаш.

Ние мислиме дека она што го договоривме на координација минатата недела, на која што, за жал, без спречени да присуствуваат колегите од ДУИ, а беше прифатено од сите координатори на пратеничките групи или замени координатори кои беа присутни на седницата, дека во понеделник ќе продолжиме со Деловникот за работа на Собранието. За да можат да се слишнат сите забелешки и да може подоцна, доколку ја прифатиме потребата од носење на деловникот, да пристапиме кон интензивно работење за подготовка, во новата фаза на текстот на деловникот за да можат сите забелешки да се внесат. Со тоа што ќе добиеме време, значи не дека правиме опструкции како пратеничка група, туку ќе добиеме време да може да заседава и Комитетот за односи помеѓу заедниците да може и тој да го каже своето мислиење за закони што треба да се носат со Бадинтер. Откако ќе го имаме мислењето, во втората фаза, да може во еден член од Деловникот да бидат внесени законите што ќе се носат со Бадинтер.

На тој начин да ја надминеме тензијата во Собранието околу тоа дали некој закон треба да се гласа со Бадинтер или не. Тоа значи дека не опструираме ништо, туку напротив, единствен начин да го забрзаме овој процес од носење на новиот деловник за работа, што несомнено сите политички партии во Парламентот на Република Македонија искажаа свој јасен став дека ни е потребен нов деловник за работа на Собраниево, со различни нијанси. Меѓутоа, како никогаш до сега, по ниту еден законски проект немаме постигнато консензус, по речиси сите членови од деловникот, освен за две поголеми прашања што останаа да ги разгледуваат лидерите на политичките партии и ние, како пратеници од парламентарното мнозинство и опозицијата.

Од тие причини сметаме дека е добро да продолжиме со работа по текстот на првата фаза од Деловникот за работа на Собранието,да ги слушнеме сите забелешки и сугестии и да оставиме простор да може да се подготви втората фаза од Деловникот за работа на Собранието. На тој начин, многу од тензиите што се случуваат во Собранието ќе бидат отстранети. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Токму тоа го правиме почитувана колешке.

Продолжуваме со работа таму каде што застанавме. А, застанавме кај неколку процедури.

Бидејќи јас ве запишав, тројца пратеници се пријавени за процедурални забелешки, ќе одиме по тој редослед како што се пријавени на самиот екран.

Повелете, три минути пратеник госпоѓа Роза Топузова Каревска.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Очигледно, тоа што го имавме во претпладневната дискусија покажа една сосема поинаква слика од тоа што ние го договаравме на координацијата. Навистина, бевме информирани од страна на претседателот дека денеска ќе биде Деловникот, меѓутоа она што се случуваше до 14,00 часот, покажа дека пратеничката група на Либерално Демократската партија беше во право

кога го побара да го видиме фамозниот договор што е склучен помеѓу премиерот Никола Груевски и господинот Али Ахмети. Мислам дека со овој интерес што го имаме во салата и сето она што се случуваше, навистина за да можеме да ја продолжиме расправата, јас би предложила да ја прекинете оваа седница, да закажете седница на која што ќе дебатираме по договорот, дали го има или го нема, меѓутоа најверојатно го има, сите го знаат, само пратениците од оваа Собрание не го знаат. Затоа мислам дека е во ред да и ние знаеме што содржи тој договор.

Ова го велам од практични работи, затоа што во договорот меѓу другото, еден дел е поврзан и со Деловникот. И, ако до пред некој ден мислев дека ова е дебата за да продолжиме онаму каде што сме застанале со Деловникот, сега ми е сосема јасно дека ова е почеток на реализација на договорот што пред малку го спомнав.

Пратеничката група на ЛДП сака да знае како ќе го изгради, сега, после оваа денешна дебата, својот став околу тоа и сакаме да знаеме што содржи договорот, за да знаеме како да ги артикулираме нашите дискусии во однос на Деловникот. Дали, во тој случај, ќе дадеме поддршка и за потребата од донесувањ на деловник.

Ние, нема да поддржиме деловник, да дадеме поддршка за потребата од донесување на деловник, не поради тоа што навистина треба да има деловник на Собранието, туку само да бидеме дел од тоа што е договорено помеѓу ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Според редоследот на пријавените, три минути за процедура за госпоѓица Грковска Славица, повелете.

**Славица Грковска:** Почитуван потпретседателе,

Мене ми е многу жал што претседателот на Собранието не е тука заради тоа што еве, ја користам можноста да и соопштам на македонската јавност, претседателот на Собранието работи само до 14,00 часот, до паузата. Подоцна го заменуваат, после тоа си оди дома, по паузата, по 15,00 часот го заменуваат потпретседателите на Собрнието.

Мислам дека требаше да има храброст и да се врати, да ми објасни врз основа на кој член од Деловникот не ми дозволи да имам реплика на господинот Вејсели. Затоа што до сега се покажало многу пати дека претседателот на Собранието го употребува Деловникот и процедурите од Деловникот во зависност од тоа кој пратник на која пратеничка група припаѓа. Еден аршин има за пратениците од ВМРО-ДПМЕН, друг аршин има за пратениците од ДПА, трет аршин за пратеничката група на ДУИ, сосема четврт заршин за пратеничката група на СДСМ. Тоа е нешто што не може да се регулира ниту со нов Деловник. Тоа е прашање на политичка култура, тоа е прашање на почитување на процедурите од Деловникот. И, ако дозволите реплика на еден пратеник, тогаш треба да дозволите реплика и на останатите пратеници.

Имајќи во предвид дека претседателот на Собранието, заради договорот што Груевски го направи со Алил Ахмети, заради договорот помеѓу ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ има поинаков однос спрема пратеничката група на ДУИ и нема храброст да го спроведе Деловникот, како компензација на тоа тренира строгост и се обидува да го гради својот авторитет визави пратениците од пратеничката група на СДСМ.

Дозволете, тоа со ниту еден деловник, не знам каков идеален деловник за работа на Собранието да направиме, тоа не може да се постигне. Меѓутоа, за жал, дека ВМРО-ДПМНЕ нема демократски капацитет да се носи со она што се вика најголема партија на власт, да создаде нормална атмосфера за расправа на Собранието, нема демократски капацитет да организира ниту една седница на која што требаше да се гласа за доверба на Влада и да овозможи на опозицијата да зборува. Меѓутоа, има капацитет да ги искористи сите можни механизми за замолчување на опозицијата.

Е, тоа не е показател за демократија во една држава. Се додека така се однесувате Македонија ќе биде означена како држава во која што нема политички дијалог и во која што нема доволно развиена демократија. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

И последен за процедурална забелешка е пратеник господин Кондарко Борис, повелете.

**Борис Кондарко:** Благодарам потпретседателе.

За жал и ова е процедурална забелешка што се однесува на работата на претседателот на Собранието за она што се случуваше пред паузата. Ја даваме во услови кога тој ја напушта седницата и после паузата, редовно, секој ден си заминува од работното место.

Меѓутоа, во интерес на јавноста и во интерес на она што се случува во Собранието, во она во што се претвора Собранието, остро протестираме и бараме објаснување и одговорност од претседателот на Собранието.

Значи, големиот мајстор на хаосот во ова Собрание, претседателот Љубиша Георгиевски го прашуваме од каде му е нему правото и кој е тој да се става над Деловникот? Еден ден да го толкува бона фиде, еден ден да го толкува и да се однесува ад нота, денеска како што кажа, на негова одговорност, небаре е тој врховен владетел овде над сите нас, посебно над опозицијата и понизно да му служи на неговиот премиер Љупчо Георг ... Никола Груевски.

(Реакции во салата)

Можеби е и намерен лапсусот, затоа што нема некоја голема разлика.

**Иван Анастасовски:** Ве молам, на процедурата, се извинувам колега на процедурата, повелете.

**Борис Кондарко:** На процедурата.

Како тоа може господине Георгиевски Љубиша за едни пратеници од ДПА и ДУИ да ги фаворизирате, а на СДСМ, над опозицијата да тренирате принципи?

Дали е во ред за процедурална интервенција на пратеници на ДУИ и ДПА да се дава реплика, а на пратеници на СДСМ да се исклучуваат микрофони и да се замолчува опозицијата? Зошто претседателот на Собранието Љубиша Георгиевски тоа го прави? Дали не може да го издржи притисокот на ДПА и на ДУИ и се плаши од пратениците на ДПА и на ДУИ, а врз СДСМ се однесува насилнички? Зошто бега кукавички, откако ќе ја оплеска работата и не сака да се соочи со нас ...

**Иван Анастасовски:** Ве молам колега, да ги бираме зборовите, ве молам.

**Борис Кондарко:** ... и постојано.

Не, нема да ги бирам зборовите за претседателто на Собранието, затоа што навистина го претера и тоа го заслужува. Овие зборови сеуште се во рамките на она што се нарекува пристојно, а не, како што претседателот не ги прекинуваше пратениците од ДПА и ДУИ кои говореа, меѓу другото, непристојни работи и за овој Парламент и за опозицијата.

И на крајот, кога тој се однесува така апсолутистички во расправа за измени на Деловникот, со овој Деловник, како ли ќе се однесува со неговиот деловник кога сака да ги ограничи дискусиите? Дури тогаш како ќе ја замолчува опозицијата.

Затоа, еден од нашите наредни чекори во наредниот период ќе биде интерпелација за работата на претседателот на Собранието.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам. Тоа е деловничко право. Ви благодарам колега.

Продолжуваме со расправа по однос на точката од дневниот ред.

Има збор пратеник господин Николов Марјанчо, повелете.

(Пратеникот Рафиз Алити бара збор)

Вие сте колега за процедурално?

**Рафис Алити:** Бидејќи јас во моето процедурално бев јасен, барав деловникот да оди ...

**Иван Анастасовски:** Се извинувам ако може да повторите, бидејќи тоа беше во претпладневната сесија, вашето барање.

**Рафис Алити:** Кога јас побарав процедурална забелешка во име на парламентарната група, бев јасен дека бараме Деловникот на Собранието да дојде во Собранието во една фаза, а не во две фази, како што е дојдено сега.

Ова го направивме од причина што сакавме да постигнеме консензус помеѓу сите политички субјекти во Собранието. Мислам дека мојот предлог да се стави на гласање. Ова е она за што говорев процедурално. Мислам дека треба да се стави на гласање мојот предлог. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Одговорот ќе ви даде предлагачот на деловникот, претседателот на комисијата.

Повелете, има збор пратеник господин Вељаноски Трајко, повелете.

**Трајко Вељаноски:** Господинот Рафис Алити во претпладневниот дел од оваа седница во Парламентот се обрати до предлагачот на деловникот. Сега, после 15,00 часот го менува своето барање. Тој се обрати и побара од страна на предлагачот на деловникот да го повлече и да биде поднесен нов деловник, во една фаза и да биде со консензус.

Господине Рафис Алити, прво ќе ви кажам дека јас, како предлагач на деловникот, со група други пратеници, од наша страна сметаме дека нема потреба од повлекување на деловникот.

Зошто? Затоа што ако сакате и вие да се придржите на нешто што е усогласено, мислам дека политички е оправдано да опстоите на овој Предлог на деловник, за потреба од носење на деловник и да не опструирате во опозициона партија, вие, СДСМ и другите, еве да кажам ЛДП.

(Реакции од пратениците од опозицијата).

Затоа што господине Рафиз Алити ништо не се постигнува ...

(Гласни реакции и негодувања од страна на пратениците)

**Иван Анастасовски:** Ќе ве замолам, бидете трпеливи.

**Трајко Вељаноски:** Не знам зошто толку многу имаат реакција кога ќе ги спомнеш СДСМ и ДУИ заедно и се наежуваат. Не е проблем, вие сте опозициони партии. Зошто толку имате одбивност кога ќе ве спојат со ДУИ? Се ставата во позиција во која што објективно сте. Во позиција на опозициони партии. Вие не учествувате во Владта. И затоа би сакал...

(Реакции со гласно дофрлање)

Потпретседателе, ако може малку?

**Иван Анастасовски:** Колеги, ќе ве молам да го сослушаме предлагачот на Деловникот бидејќи има обврска да одговори на барањето од колегата Рафис Алити.

**Трајко Вељаноски:** Мислам дека, господине Рафис Алити не се постигнува ништо со повлекување на Предлогот за донесување на деловник. Не сакам да кажам во однос на вашата професија, но јас мислам, почитувајќи ги одредбите од Деловникот, се согласивме и претходно разговаравме. Подобро и поефикасно е и пооправдано денеска да се донесе заклучок. Затоа што на крајот на расправата не се донесува новиот деловник. На крајот од расправата само се заклучува и гласа Собранието дека има потреба од носење нов деловник.

На она на што вие се повикувате, дека е усогласено, одреден број на закони што се усогласени дека треба да бидат гласани со двојно мнозинство, популарно наречено Бадинтерово мнозинство, не се усвојуваат денеска.

Не се усвојува текстот на деловникот денеска. Денеска само се поминува првата фаза во која што на крајот се заклучува дека има потреба од носење на нов деловник. Тоа е усогласено дека со нов Деловник, одреден број на закони што се усогласени, беа 45 или 46, не знам точно, треба со новиот деловник. Вие тоа добро го знаете. Во новиот деловник да бидат внесени, во самиот деловник кои се тие закони што треба да се гласаат со двојно мнозинство.

Сега, доколку од ваша страна нема согласност за носење на нов деловник, прво вие треба да бидете на чисто дали сакате нов деловник. Доколку од ваша страна има согласност дека треба да се донесе нов деловник, мислам дека не треба денешниов ден, како што беше, опструиран, од одреден број на пратеници, треба да постигнеме прво консензус за потребата од носење нов деловник. Мислам дека од ваша страна, како политичка партија, во таа смисла не треба да опструирате.

Затоа сметам дека непродуктивно, неоправдано и политички опортуно е да се бара повлекување на новиот, односно овој денешен деловник што го имаме на дневен ред.

Што постигнува овој денешен деловник што е. Што постигнуваме? Постигнуваме, како што е вашето барање да се поднесе предлог на нов деловник во кој што двете фази на деловникот тогаш се расправаа. Ние денеска ако го усвоиме предлогот за носење на деловник не го утврдуваме текстот на деловникот. Во втора фаза тогаш доаѓа директно, доаѓа ако има амандмани, ако има потреба од амандмани, дирекно се расправа по текстот на деловник. Ние денеска само со усвојување на овој заклучок го скратуваме временски периодот на носење на нов деловник. Мислам дека од ваша страна како политичка партија во однос на ова, нема потреба од ваков начин на истапување за барањето за повлекување на деловникот. Можеби од страна на опозиционите партии како што е СДСМ и ЛДП, до некаде да ги правдаш, затоа што и тие незнаат дали има потреба или нема потреба од носење на нов деловник. И самите незнаат на кое се, едно време кажуваа дека има потреба од носење на нов деловник, но не сега, но да биде после четири години, друг пат не се согласуваат со одредени ставови, но тоа е нивно прашање и мислам дека нивни, условно да кажам проблем кој што сакаат да го наметнат во Собранието. Ние овде кои што сме усогласени и сметаме дека ќе има потреба од носење на нов деловник, не би требало да правиме одредени политички потези кои што нанесуваат штета на она што е веше усогласено. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам. Сите сте за реплика, претпоставувам. Само да запишам бидејќи има многу пријавено.

Колега Борис, дали сте за реплика? (Да)

Ова испаѓа сите што се пријавени за збор, автоматски се и за реплика.

Бидејќи осум луѓе од веќе пријавените се пријавија и за реплика, ве молам ако може дисплејот, првите пријавени.

Јас морам да одам по редоследот, сите што кренавте рака и по тоа што сте пријавени на екранот, немам поинаку како да направам редослед.

(Реакција на пратениците на СДСМ)

Што сакате, сакате ли да направиме ред во тие реплики од овие осум луѓе што се пријавени. Дозволете ми да направам ред.

(Реакција на пратеницие на СДСМ)

Во тој случај три минути прв за реплика е пратеникот господин Марјанчо Николов.

Повелете, три минути за реплика.

**Марјанчо Николов:** Благодарам. Господине потрептседателе, колеги пратеници. Мојата реплика е на господинот Трајко Вељаноски од неколку причини.

Прво, тој во својата дискусија се залагаше деловникот што побрзо да се донесе апелирајќи сега дали сме знаеле или не сме знаеле дали има потреба од донесување на нов деловник.

Господине Вељаноски, ако целта ви е побрзо да се донесе деловникот, тогаш вие како предлагач не треба да испаѓате од говорницата и да ги вреѓате политичките партии и некои личности овде во Парламентот. Треба да бидете толку доблесен, да си го браните предлогот за деловник, а не да ни кажувате политички пароли од гобворницата на Собранието дека некој сакал или не сакал да има деловник. Ако вашиот деловник е исправен ќе си го браните со аргументи, а не да ги вреѓате политичките партии.

Очигледна е вашата намера од Собранието да ја префрлите дебатата по деловникот при тоа создавајќи атмосфера дека опозициските партии се против или не сакаат да се донесе нов деловник се со цел мислејќи дека на тој начин ќе го скриете договорот меѓу Никола Груевски и Али Ахмети, кој што го договориле и колку подолго ќе трече расправата, мислите дека граѓаните ќе заборавата дека пости таков договор и дека немате храброст да го обелодените во јавноста, затоа што знаете дека тоа ќе се одрази на вашиот рејтинг кој што толку многу ви е на право место, па дури и Република Македонија ја ставивте заложник на вашиот рејтинг, на вашата грижа колку ќе ви биде процентот на секоја анкета.

Мислам дека во ваквата политика не само што Собранието го деградирате, самиот себе си се деградирате, туку ја деградирате и Република Македонија.

Вие не можете да избегате од тоа што сте се договориле, колку и да велчете. Ние како опозиција само бараме она што сте седнале и го договаравте четири месеци да го кажете пред македонската јавност, да не го криете.

ако нема ништо страшно, ако не е ништо опасно, зошто не го објавите да го види цела Република Македонија, или зошто нас не ни го доставите да

го видиме. Што е толку страшно во тие 46 закони и 5 точки што е издоговорени. Очигледна ви е намерата повторно да барате виновник на друго место за проблеми на вашата политичка партија, вашиот претседател на Влада и на партија, но верувајте дека граѓаните не се толку слепи и брзо ќе сфатат во каква ситуација сакате да ја донесете државата.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам колега.

Една минута контра реплика пратеникот Трајко Велјаноски. Повелете Трајко.

**Трајко Велјаноски:** Незнам во репликата на колегата Марјанчо Николов што изнесе ново отколку што имаше СДСМ. Цело време е кажано дека е усогласено дека треба да има нов деловник со 45 - 46 закони кои треба да бидат гласани со двојно мнозинство.

Тој нов деловник не започна пред, започна пред шест месеци во Собранието и беше еден од приоритетите во овој парламентарен состав се со една единствена цел за поефикасно работење на овој Парламент, за носење на закони кои произлегуваат од европската агенда. Вие бевте тие кои што цело време инсистиравте и укажувавте дека никогаш вие нема да дозволите да се донесе нов деловник или нов деловник кој што ќе важи после 4 години. Зошто бегате од тоа што сами сте го кажале.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам колега.

По редоследот три минути за реплика има госпоѓа Роза Топузова-Каревска. Повелете.

**Роза топузова-Каревска:** Ви благодарам почитуван поптретседателе. Со обраќањето на пердлагачот на деловникот, почитуваниот колега Трајко Велјаноски, се докажа она што го кажав.

Почитувани колеги пратеници, целта на денешната седница не е ние да дебатираме за деловникот. Не е она што ние го прекинавме сега да го продолжиме, целта е да се покаже дека отпочнува реализацијата на потпишаниот договор помеѓу ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ. Значи, кој колку сака од оваа страна да докажува дека не постои таков договор, таков договор на сите ни е јасно дека постои. Тоа го докажува и денешната седница и затоа се доведовме во ваква ситуација да не почнеме да работиме по деловникот.

И самиот почитуван колега Велјановски рече вие апсолутно не сте ни важни, СДСМ и ЛДП, ние со ДУИ се договоривме и ние можеме да го донесеме деловникот, но дали ќе го донесеме во една или две фази, уште околу тоа останува да се спогодиме.

Точно поради тоа почитуван потпретседателе ви предложив да ја прекинеме тука денешната седница, да продолжиме да дебатираме по законите кои се однесуваат на економијата и кои што колку толку им даваат надеж на граѓаните на Република Македонија дека можеби малку ќе им се подобри нивната ситуација во која сега се наоѓаат, или да дебатираме по законите кои што го носат знаменцето на Европската унија.

Мислам дека во изминатата недела постигнавме одредено ниво на соработка онолку колку што и треба да биде помеѓу парламентарното мнозинство и опозицијата и донесовме еден значителен број на закони. Навистина незнасм зошто целиот Парламент во овој момент и граѓаните на Република Македонија треба да бидат заложници заради договорот кој што е постигнат помеѓу Никола Груевски и Али Ахмети. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам. Три минути за реплика за пратеникот госпоѓица Славица Грковскас. Повелете.

**Славица Грковска:** Ви благодарам. Господине Велјаноски, јас имам против кога го споменувате СДСМ онаму каде што не му е место. Вие самиот рековте дека ВМРО-ДПМНЕ со ДУИ се усогласени за деловникот и дека не би требало да правите проблеми. Значи, СДСМ овде никаде го нема.

Груевски на одговор на пратеничко прашање рече дека со Али Ахмети договорил тие 46 закони да станат дел од новиот деловник на Собранието. Груевски со Али Ахмети.

Друго е прашањето што вие како предлагач на сред дискусијата за нов деловник во Собранието на Република Македонија, кој што го поднесовте од сосема поинакви побуди, а тоа беше да се замолчи опозицијата, да се скрати нејзиното право на говорење на 10, 15 минути, зависно од тоа како ќе биде вашата волја до крајот на дискусијата, сега се наоѓате во ситуација да го спроведете договорот што Груевски, вашиот претседател, премиерот го направи со али Ахмети кој што е претседател на ДУИ. Вие тој терет мора да го носите и ќе го носите, меѓутоа СДСМ нема удел во тоа. Затоа не треба да барате други виновници за ситуацијата во која што сами се наоѓате. Груевски излезе јавно и кажа дека ќе даде техничка помош на ДУИ, кога ДУИ излезе од Собранието заради тоа што ВМРО-ДПМНЕ има такво искуство, за после да се доведе во ситуација да ги моли ДУИ да се вратат во Собранието, да ги моли да потпишат било каков договор, за да може да дојде до ситуација на потпишиување на договор на странски јазик, на англиски јазик кое што е сосема спротивно од Уставот на Република Македонија, за да дојде до ситуација да каже дека е подготвен на сите отстапки што се однесуваат на јазикот, за припадниците на ОНА, за Комитетот за односи меѓу заедниците, нешто што за него не беше спорно, што е најголема трагедија, се дрзна да договара и да прави договори и отстапки за сметка на други партии.

Не, ова е договор помеѓу Груевски и Али Ахмети, вие сте вовлечени во тој договор и вие треба да си го спроведете. Никој друг за тоа не е виновен.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам. Еднас минута контра реплика за господинот Трајко Велјаноски. Повелете.

**Трајко Велјаноски:** Ви благодарам. Госпоѓата Грковска во хор, како што и комплетно пратениците на СДСМ имаат добиено налог цело

време да викаат договор, договор, договор, а договор е кога е нешто потпишано. Нема потпис.

(Смеење на пратениците на СДСМ)

Вие може слатко да се смеете, но колку пати ви е кажано дека има усна согласност да се постигне и да се донесе нов деловник и за гласањето на 46 закони со двојно мнозинство. Вие сакате цело време тензијата да ја префрлите во јавноста, да ја вовлечете и македонската држава во нешто што вие за тоа сте мајстори да го направите и после да излезе дека сте вие спас за Македонија. Еднаш така ви помина тоа, по втор пат тешко, прочитани сте, многу сте прочитани од македонската јавност и затоа гледаме по рејтинзите кој колку има влијание.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам колега.

Три минути за реплика има госпоѓа Весна Бендевска. Повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам потпретседателе. Почитуван колега предлагач на новиот деловник за работа на Собранието на Република Македонија велите договор има, ама го нема бидејќи нема потпис. Токму закажувањето на денешната седница со дневен ред деловник за работа на Собранието на Република Македонија по шест месеци од страна на претседателот на Собранието го верификува конечно потписот што вашиот премиер упорно се трудеше да не го стави. Да потсетиме на албанскиот јазик во присуство на меѓународниот фактор, факт е и цела македонска јавност знае дека седнаа на маса Никола Груевски и Али Ахмети и се договорија. Ние упорно баравме да го видиме договорот, да видиме колку вашиот премиер направил отстапки и што понудил, што прифатил, а што дал. Македонската јавност во првиот момент ја интересира тоа, но вие имате реален проблем кај вашето членство. Токму господинот Груевски ветубваше пред сопственото членство дека нема шанси да седне на маса и да преговара со Али Ахмети, но тоа го стори и се договори. Пазете, самиот Груевски рече не постојат пет точки, само две, едната е Комитетот за меѓунационални односи, а другата е за Законот за јазици. Значи, сепак сте се договарале.

Закажувањето на денешната седница, деловникот како точка на дневен ред е само пингирање дека започнува реализацијата, но и тоа ќе трае два дена, бидејќи во среда имаме дневен ред со пратенички прашања и ова повторно ќе се обидете да го пролонгирате. Вам ви требаат два дена за да убедите дека работата тргнала од нулта точка, но бидете убедени, кога тоаш, бидејќи договорот постои и е потпишан со збор на премиер, претседател на Владата на Република Македонија со право оној што ги поставува условите, а тоа е господинот Ахмети, ќе бара нивна реализација.

Јас навистина не би сакала да сум во вашата кожа господине Велјаноски како предлагач, најмалку па и во кожата на господинот Груевски, бидејќи вие ќе мора не само на вашето членство, бидејќи не му должите само на вашето членство одговор, одговорот го должите кон цела македонска јавност и тоа веќе секој го знае. Сите потези се да се најде кривецот во опозицијата, не ви држат вода, ви паѓаат во вода и се смешни. Договорот е потпишан меѓу Груевски и Ахмети. Тоа е факт, тешко нам, пред нас е реализацијата.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Една минута контра реплика за пратеникот Трајко Велјаноски. Повелете.

**Трајко Велјановски:** Госпоѓа Бендевска вика те едно исто, како што верглаат сите пратеници на СДСМ. Незнам како и на кој начин некој треба да би докаже дека нема договор. Кажано е и од страна на самиот премиер дека има усна согласност за три точки. Точно е дека во новиот деловник треба да има 46 закони, спецификувани за гласање со двојно мнозинство. Тоа ништо не е спорно и стоиме ние зад тоа. И јас како предлагач стојам дека во втората фаза ќе бидат внесени 46 закони кои ќе бидат гласани со двојно мнозинство.

Вие сакате на друга воденица да ја однесете расправата по деловникот. Но, мислам дека нема да ви успее, прочитани сте. Длабоко сте прочитани и мислам дека таа ваша ...

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам, колега.

Три минути реплика за господинот Оливер Спасовски, повелете.

**Оливер Спасовски:** Благодарам.

Почитуван потпретседателе, почитуван господине Вељановски, добро е од ден во ден се повеќе не убедувате или ја убедувате македонската јавнсот дека имало договор, записник, усмен тестамент и што не. Направивте, ама ефектите ги гледаме денеска. Има разлика само во тоа што ДУИ е искрен во намерите и си ги кажува договорите кои ги правевте, а вие ја лажете македонската јавност дека немате договор, го крстивте записник, еве јас можам да го наречам усмен тестамент, можеби. Заради тоа што Груевски ја сфаќа Македонија како од татко му да му е оставена. Тоа е првата работа и не би сакал повеќе да коментирам, а кога ќе дојдат точкина дневен ред тоа се повеќе ќе го докажувате понатаму и нема да можете да го браните, па макар да не е договор ако не е потпишан или не знам како ќе се извадите околу тоа.

Второ, навистина не можам, а да не ви се чудам на вашите приоритети. Кажувате за приоритет во работа на македонскиот Парламент, а тој приоритет веќе 6 месеци во Собранието не може да дојде на расправа или го одолговлекувате. Впрочем, тоа е начин на кој ги работите сите други приоритети во Владата и овде во Парламентот.

Истиот Деловник овозможи да се донесат над 500 закони во претходниот состав. Не ви треба приоритети, не ви треба седници. Дајте способен претседател на Собранието, а не како овој што седи до 14,00 часот, па оди да спие после 14,00 часот. Дајте способен претседател кој ќе ги менаџира работите во Собранието и ќе имате

подобра работа. Очигледно ниту вие ниту тој немате поим за такво нешто.

Трета работа, најмалку што сакам е да зборуваме за спас на Република Македонија. Тоа го правевме еднаш, но гледајќи ви го умот во овој период на владеење, мислам дека пак би требало да говориме, но за уште подрастична форма за спас на Република Македонија.Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Една минута контра реплика за господинот Вељановски, повелете.

**Трајко Вељановски:** Благодарам потпретседателе,

Добро е барем еден од пратениците од СДСМ кажа дека нема договор, дека има усна согласност.

По однос на носењето на новиот деловник, точно дека ни беше приоритет, но целата јавност знае дека од петни жили СДСМ е против носењето на нов деловник, само од една единствена цел да не може усвојувањето на законите во Собранието да поминат со она темпо како Владата ги предлага до Собранието.

По однос на умот, за умот ваш и наш може да цени само македонската јавност и таа го кажува последниот збор кој е поумен. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Три минути реплика за пратеникот Борис Кондарко, повелете.

**Борис Кондарко:** Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници.

Наместо предлагачот во име на ВМРО-ДПМНЕ да седи и да се засрами за она што се случува, тој упорно тоне на секоја реплика одговарајќи дека нема договор, нема договор, нема договор.

Значи, не СДСМ, ДУИ, ДПА, Хавиер Солана ви честиташе на договорот. Само Трајко Вељановски и Никола Груевски викаат нема договор. Јас не знам што глумат денеска ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ. Ако не си ги завршиле тајните приватни договори, да ја прекинеме седницата,нека си ги доврщат преговорите. Нели постигнаа слогласност цитирам “на непотпишан записник”. Сега кога работата дојде во Собранието пукна тиквата, испадна дека е сметка без крчмар.

Јас не знам кои се Никола Груевски и Али Ахмети да прават нов скопски договор, да го менуваат Деловникот, да даваат пензии на ОНА, да воведуваат двојазичност и не знам што, што е уште пострашно денес што се случува во македонскиот Парламент. Се затскриваме зад точката за измени на Деловникот, денеска воопшто не разговараме за точката - измени на Деловникот, денеска овде се разговара за тајниот приватен договор меѓу ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ кој треба да си го реализираат овде во Парламентот. Меѓутоа, не знам зошто се скараа. Што е работата. Има договор или нема договор? Јас мислам дека треба да ја прекинете седницата или да си ги завршите преговорите и ако веќе разговараме за тој договор да ни го доставите и да знаеме за што разговараме. Јасно е дека овде не се разговара за Деловникот, овде се разговара за нов скопски договор или за ревизија на Охридскиот договор што гонаправија Никола Груевски и Али Ахмети.

Не се затскривајте зад опозицијата, не се затскривајте зад Деловникот, апсолутно гледајте си ги вашите маки, вашите проблеми и како ќе објасните на народот колку сте големи патриоти, мислам на ВМРО-ДПМНЕ.

Уште еднаш барам,нема услови за работа затоа што се изместува,ова е чиста фарса дека ние наводно ќе носиме нов Деловник, ќе ја подобриме ефикасноста, всушност на ВМРО-ДПМНЕ не му одговара да имаме ефикасен Парламент за да рејтингот на Владата биде подобар, а Љубиша Георгиевски ни е идеален глумец за тоа.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Една минута контра реплика за господинот Трајко Вељановски, повелете.

**Трајко Вељановски:** Благодарам потпретседателе,

Една измислица има од страна на Борис Кондарко, носењето на нов деловник било скопски договор. Ја откривте Америка. Носењетона нов деловник се залагаше нашата партија уште на почетокот во самата изборна програма.

Дали има договор или нема и за што имало усогласеност, господа од СДСМ, цело време е барањето да бидете вклучени во работните групи за она што е усно усогласено. Но, вие намерно избегавате за да можете после тоа да напаѓате, да ја вжештувата јавноста во Република Македонија. Тоа не е добро. Кога веќе има нешто напред, оди Република Македонија, се гледа целта, не треба некој намерно да ја вжештува јавноста во Република Македонија и да создава вештачки тензии.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Три минути реплика за господинот Рафис Алити, повелете.

**Рафис Алити:** Ви благодарам.

Му благодарам на господинот Трајко Вељановски кој се потруди да го советува ДУИ, се разбира политички совети, но немаме потреба од совети затоа што ДУИ има свое Претседателство и свои советници кои ги плаќаме.

Колку за совети имате ваши коалициони партнери кои треба да ги советувате и нормално да им ги упатите тие совети.

По однос на тоа зошто ние побаравме да се тргне од дневен ред оваа точка мислам дека и вам ви е јасно, ние рековме дека сакаме да го почитуваме рокот за кој сме се договориле во тој договор. До колку вие мислите дека на овој начин ќе го почитувате рокот на тој договор, тогаш вие можете да го менаџирате на овој начин, но одговорноста ќе ја сносите вие за донесувањето или недонесувањето на деловникот во потребно време.

Не беше барањето на ДУИ од почетокот да се донесе нов деловник. Не беше барањето на ДУИ да се донесат 46-те закони кои ќе бидат дел од овој деловник затоа што нам ни е јасно дека сите закони кои треба да се донесат со Бадентер или со двојно мнозинство, ги гарантира Уставот. Овие 46 закони кои ќе бидат дел од идниот деловник не можат да бидат над Уставот или да се суспендираат од Уставот. На пратениците на ДУИ ова им е јасно така што уште еднаш ќе повторам, ова не го правиме за да вршиме опструкција на Собранието да не се донесе новиот деловник, напротив,мислиме и цениме дека до колку се донесе во една фаза со консензус деловникот каде ќе се усогласат сите точки во ова Собрание,немаше да има потреба од вакви расправи како што се денешните.

Токму поради тоа дека не се усогласени до крај договорите меѓу политичките субјекти каде ние не сме биле дел на тој договор со претставниците на НБИ, и тука има несогласувања, ние побаравме да седнеме, да постигнеме договор и потоа да го ставиме во постапка овој деловник и што побрзо да го донесеме.Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам, колега.

Една минута контра реплика за господинот Вељановски, повелете.

**Трајко Вељановски:** Благодарам потпретседателе,

Господине Рафис Алити,немав намера да ви давам совети, познато е дека вие ги плаќате своите советници, од моја страна беа добронамерни предлози. Предлогот беше со единствена цел, вие убаво кажавте, одговорност за носење или не носење на новиот деловник ќе сносиме сите со своите постапки. Дали и како сме постапувале и кој на кој начин опструирал за носење или не носење на нов деловник и со тоа ставање во рамка на одреден број закони кои треба да бидат носени со двојно мнозинство.

По однос на консензусот знаеме дека тешко опозиционата СДСМ ќе се согласи да биде ограничување на говорењето на пратеник од 10 минути затоа што тоа владее во Европа, но во Република Македонија не смее така да биде. Ви благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Три минути реплика за господинот Влатко Серафимов, повелете.

**Влатко Серафимов:** Благодарам потпретседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван господине предлагач,

Мислам дека во вашето обраќање направивте неколку превиди кои дали намерно или не намерно заборавивте на многу работи. Дел од тие работи за вас ви пречи дали имаме договор или нема договор. Најмал проблем е тоа почитуван господине Трајко Вељановски дали има или нема договор како сакате крстете го еве нека биде спогодба.

Спогодбата која е псотигната помеѓу вашиот претседател на Партијата ВМРО-ДПМНЕ господинот Груевски и претседателот на ДУИ не можете и не смеете да ги припишете на СДСМ. Вие во вашето излагање сакавте да ја припишете оваа спогодба на СДСМ и со тоа направивте една грешка. Заборавивте на периодот кога во 2001 година владееше хаос во Република Македонија на чело со тогашниот премиер господинот Љубчо Георгиевски, а вие почитуван господине Вељановски бевте дел од неговата Влада. Тогаш СДСМ се јави како спасител на Република Македонија и сега во овие моменти ние исто така не сме за дестабилизација на Република Македонија, туку имаме една единствена цел. Целта е да работиме ефикасно и за законите кои се со предзнак на Европската унија, видовте и сами од претходните неколку седници како глатко поминаа со разбирање и од страна на министрите и со разбирање на парламентарната опозиција. Меѓутоа, кога сакате да направите хаос во Парламентот, тогаш на дневен ред доаѓа деловникот. Деловникот е тема на која сите ние имаме цел да го донесеме за поефикасно работење на овој Парламент. Дали Парламентот ќе работи поефикасно ако ги скратиме дискусиите, ако донесеме седниците на комисиите да бидат главни теми на расправа за поеделни проблеми, мислам дека тука грешите.

Парламентот ќе работи ефикасно само ако имаме добар менаџер кој ќе менаџира со Парламентот. Во вакви услови, во услови кога во Парламентот сакате да завладее хаос, не можеме да бидеме успешни. Успехо тогаш ќе си го припишувате сами на себе, а договорот односно спогодбата која е постигната помеѓу вашиот лидер и лидерот на ДУИ, сметам дека набргу ќе излезе на виделина.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Една минута контра реплика за господинот Вељановски, повелете.

**Трајко Вељановски:** Благодарам потпретседателе,

Ќе бидам краток. Значи хаос. Хаос и спасители. Цело време тезата на СДСМ е дека хаос некој друг прави, а спасители се тие. Видовме колку и како ја спасија Република Македонија гледајќи по корупцијата, гледајќи по економските показатели, но на крај колку и да кажуваме, ќе кажат граѓаните и јавноста.

Зошто СДСМ се противи на носење на нов деловник? Се со единствена цел за да можат да опструираат работа во Парламентот.

До колку биде ограничувањето на говорот на пратеник како во сите европски држави, нема да можат да го користат механизмот на кочење на носењето на нови закони со она темпо како што е предложено.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам, колега.

Продолжуваме со расправа.

Има збор господинот Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Почитуван потпретседателе, имам предлог пред да продолжам со дискусијата, бидејќи

предлагачот господинот Трајко Вељановски во претходната расправа рече дека било договорено 46 закони да се внесат во деловникот кои ќе бидат донесувани со двојно мнозинство.

Мојот предлог се состои во тоа дали предлагачот ќе прифати и барам да ми ги достави тие 46 закони кои треба да се донесат со Бадентерово мнозинство, да ги видиме овде во Собранието, бидејќи тоа е најмалку спорно во целата дискусија, ако дел од тие закони се однесуваат на одредби по деловникот, мислам дека џабе или непотребно Собранието ќе потроши ден од својата работа, а кога ќе дојдат тие закони да мораме да ги менуваме членовите.

Потпретседателе, имам предлог предлагачот да ни ги достави 46-те закони, бидејќи кажа не се спорни, кои Собранието треба да ги носи со двојно мнозинство пред да продолжиме со дискусија по деловникот.

**Иван Анастасовски:** Вие имате предлог до предлагачот...

**Марјанчо Николов:** А потоа си го задржувам правото за дискусија.

**Иван Анастасовски:** Вие може да дискутирате и на крај од вашата расправа ако предлагачот има нешто ќе се произнесе. Повелете, продолжете.

**Марјанчо Николов:** Може и на почетокот да се произнесе, да знаеме за што дискутираме.

**Иван Анастасовски:** Вие имате дискусија, слободно дискутирајте за деловникот, а на крајот предлагачот ќе се произнесе дали поседува таков документ, ако поседува, повелете.

Добро, значи очигледна е намерата, тој договор да се крие до краен момент, но како што вели премиерот вистината е како шило, ќе врти, ќе врти, па ќе испадне на површината, ќе го почекаме и тоа време да видиме што шилото ќе извади на површината, а потоа ќе се потсетиме на сите наши дискусии овде. Но, се надевам дека ќе бидеме доблесни тогаш да признаеме кој бил во право и што всушност во овој момент се случува во Република Македонија.

Пред да продолжам со дискусијата по Деловникот, која расправа почна некаде први и втори месец оваа година, сега повторно се враќа како точка на дневен ред, но овој пат не е за тоа за да се подобри ефикасноста во работата на Собранието, туку за да може да почне реализацијата на договорот меѓу Никола Груевски и Али Ахмети. Без разлика што владеачкото мнозинство или предлагачот се обидува да ја релативизира таа работа, крајно им е јасно на сите и на македонската јавност дека ова е всушност почеток на реализација на тој договор. Бидејќи немаме се уште увид за она што е договорено на овие преговори, ќе дискутираме по Деловникот по однос на оние забелешки кои што ги имавме претходно, со тој хендикеп поради тој договор да не бидеме концезни или прецизни по Деловникот, но за жал, така сака владеачкото мнозинство, сака да создаде привид дека ние не сме за работа, па ќе се трудам својата дискусија да ја скратам бидејќи очигледно да не не обвинат дека сме против овој Деловник.

Прво, би сакал да кажам дека ние немаме против нов Деловник. Тоа е ставот на пратеничката група на СДСМ, ние имаме против одредени одредби кои што се предлагаат во Деловникот. Побаравме за истите да се направи концензус односно договор и Деловникот да се донесе со еден поширок консензус, како би можел истиот полесно да се имплементира во пракса. Но, тогаш владеачкото мнозинство немае слух и затоа се доведовме во една ситуација да има повеќе од 20 пријавени дискутанти за Деловникот уште во февруари, а дури сега точката доаѓа на дневен ред. Меѓувреме направија еден обид преку пратеничката Лилјана Поповска да извршат измени и дополнувања се со цел да ја ограничат дискусијата на 10 минути. Но, и тоа не помина. Бидејќи, толку голем проблем создава прашањето околу времетраењето на дискусиите, јас би го кажал своето мислење дека не е толку проблемот во времетраење на дискусиите колку што е проблемот во правилното менаџирање на работата на Собранието, за што одговорност сноси претседателот, потпретседателите и владеачкото мнозинство. Знаеме колку седници се одложиле, затоа што тие не можеле да обезбедат кворум во салата. Знаеме колку пати во попладневниот дел не сме продолжиле со работа само затоа што повторно тие не можеле да обезбедат кворум во салата и едноставно мислам дека таквата блокада на Собранието ако некој ја чувствува како блокада е поради однесувањето на владеачкото мнозинство, а не во дискусиите на пратениците. На крајот на краиштата нас народот не избрал да дебатираме, да ги решаваме нивните проблеми, да иницираме прашања од нивни интерес, така што на крајот по тоа ќе не ценат како пратеници. Мислам дека најодговорни за ваквата слика на Собранието, сепак, е владеачкото мнозинство. Мое мислење е дека во тој дел овој Парламент по однос на неорганизираноста предничи во однос на сите парламенти. Се надевам ќе сфатата дека голем дел од проблемите од работата на Собранието произлегуваат токму од нивното однесување. Ќе се види дека и кога ќе се ограничи, ако имаат волја до крај да тераат, а сигурно тоа ќе се случи, кога ќе се ограничи дискусијата, повторно Парламентот нема да ја подобри ефикасноста, доколку тие внатре не си ги средат своите состојби и не обезбедуваат на секоја седница присуство на 61 пратеник. За тоа ги бирал народот за тука да бидат присутни во Собранието.

Во однос на европските закони, барем на нас јасно ни беше кажано или законите кои што се приоритет за пристапување на Република Македонија кон Европската унија, ни беше кажано дека на координација е договорено, а тоа беше иницијатива и на нашата партија СДСМ, кога има такви седници, тие седници да бидат наменски, значи да бидат само закони кои што го имаат знакчето на Европската унија и во договор тие

закони побрзо да минат во Собранието, да не се случува можеби да се дебитира по нив повеќе. Но, очигледно и тоа не беше доволно да се подобри ефикасноста на Собранието и сега повторно, фрлајќи песок во очи, се бара решение во Деловникот. Јас одговорно тврдам дека и да се донесе Деловникот како што замислило владеачкото мнозинство, додека не се смени начинот на работа од страна на мнозинството, Парламентот нема да биде поефикасен мислам дека џабе или непотребно го губиме времето околу овие работи. Но, сега владеачкото мнозинство има и една друга причина да го носи Деловникот, а тоа е како што кажавме договорот меѓу Никола Груевски и Али Ахмети. Сето тоа му дава дополнителна тежина на овој Деловник и мора во нашите дискусии, за жал, освен предлози за решавање на одредени членови, да внесуваме и политички моменти.

Бидејќи Деловникот во суштина е доста развлечен во однос на претходниот Деловник, сепак е потребно време истиот да се проучи и да може дискусиите да ги сведеме на некое кратко време. Но, ќе се потрудам да бидам што пократок.

Во членот 3 се предлага сега и на работните тела во Собранието претседателствувањето или раководењето да се врши и на албански јазик. Тоа е една од одстапките што ги прави владеачкото мнозинство во договор со ДПА. Меѓутоа, веднаш тука се поставува прашањето дали во тие 46 закони, не е и за единствениот закон кој што преостанал од Охридскиот договор, кој што не беше донесен, Законот за употреба на јазиците и дали оваа одредба, законот кој што беше, но дали и со тој закон нема и оваа одредба да претрпи натамошни промени односно дали не е договорено и нешто повеќе во однос на употреба на јазикот на малцинствата. И да го кажам својот став, на етничките заедници ако толку им значи. Значи, да видиме дали нешто плус е договорено во однос на употребата на јазиците, на етничките заедници. Тоа не би било толкав проблем, ако претходно го вратиме однесувањето на владеачкото мнозинство кога се носеа голем број закони кои што се однесуваа на давање повеќе права на етничките заедници во Република Македонија. Ќе се осврнам само на еден, а тоа е Законот за територијална организација на Република Македонија. Се сеќаваме тогаш како владеач кото мнозинство во Собранието тропаше, правеше неред, како пред куќите на тогашните парламентарци се собираа и вршеа притисок, прогласуваајќи ги за предавници и велејќи дека Република Македонија со тоа ќе пропаднела и повеќе нема да постои. Сега, се тие на власт и за тој закон нема ниту а да кажат дека ќе го променат, а од друга страна повторно прават отстапки на етничките заедници. Значи, паѓа ореолот на најнационалната партија во Република Македонија "бранителите на македонштината". Како ќе минува времето, за ж ал, граѓаните ќе се убедат дека всушност најголемите права им се дадени токму во нивно време.

Во однос на другите членови, на кои што имав забелешки, прво, тоа се однесува на членот 17, а во него е регулирано дека со верификација на мандатот, пратеникот се стекнува со право и должност утврдени со Уставот, со закон и со овој Деловник. По верификацијата на мандатот, пратеникот писмено се изјаснува за тоа на која заедница припаѓа. Мислам дека овде решението треба да биде како постојното односно со потпишувањето на изјава за прифаќање на кандидатура во која што секој од нас се декларира што е по националност, тоа да важи и кога ќе го добиеме мандатот во Парламентот, да не ни се случуваат ситуации, како што беа и претходно, па нема потреба тоа дополнително да се прави, откога ќе добиете мандат, па да видиме сега каква ни е состојбата со Бадентеровото мнозинство и потребата некој да ја менува својата националност, без разлика што претходно се изјаснил дека е од оваа или онаа националност.

По однос на членовите 28, 29 и 30, каде што е регулирано правото на присуство на седница и учество на работата на Собранието, мислам дека во голема мера тука предлагачите треба да ги заострат одредбите и да обезбедат поредовно пристуство на пратениците на седниците на Собранието. Значи, во членот 30, последниот став "пратеникот кој отсуствува 6 пати едно подруго од седница на Собранието, но не поради причините од член 29 став 2 и покрај тоа што го најавил своето отсуство му се одзема 5% од платата за секој ден отсуство за акт што го донесува Комисијата за прашања на изборите и именувањата". Тука процентот треба да биде поголем, за да не ни се случува пратеници кои добиле мандата од граѓаните редовно да не доаѓаат на седници на Собранието, бидејќи тоа не е правилно и мислам дека никој не се залага за такво нешто.

Во однос на членот 39 каде што се регулира прашањето за пратеничките прашања, мислам дека тука треба да остане досегашната пракса и предлагачот тоа да го внесе во Деловникот или ние со амандмани дека пратенички прашања ќе поставуваат двајца членови од опозицијата и еден од позицијата, бидејќи тоа е еден од контролните механизми на опозицијата во однос на работата на Владата. Исто така, оваа моја забелешка се однесува и на прашањето на интерпелација на Владата. Последниот пат кога нашата пратеничка група достави прашање за доверба на Владата, од страна на владеачкото мнозинство така беше изрежирано да не може опозицијата да дискутира, туку преку одредени процедурални забелешки и прекини на седницата, да се создаде една ситуација која до 15 часот Собранието не ни почна да расправа по однос на интерпелацијата на Владата.

Во членот 79, кој што е најригорозен во однос на сите членови кои ги предлагаат предлагачите, кои се во најголем дел од владеачкото мнозинство е тоа пратениците да имаат можност да се пријавуваат за збор во рок од една минута по отворањето на претресот. Листата на пратеници

не може да се менува и дополнува во текот на претресот. Мислам дека ова фактички значи гушење на демократијата во Република Македонија и оневозможување дебата во Парламетнот во Република Македонија. За да се исполни, прво, овој предлог од страна на предлагачите, потребно е сите седници на Собранието да почнуваат точно на време. Кога ќе го обезбедат тоа и сите пратеници во тоа време да немаат закажано работни тела на кои што мора да присуствуваат. Сега сме сведоци дека ниту седниците на Собранието почнуваат навреме, има доцнење од половина и повеќе часа, а ниту работните тела се закажуваат надвор од редовните пленарни седници на Собранието. Значи, имаме ситуација кога мораме и овде да бидеме присутни и да бидеме присутни на комисиите. Ова не може да се обезбеди и предлагачот треба да размисли, пријавувањето за претресот да трае од моментот кога се ставаат списоците за потпишување на присуство, до моментот на нивното запишување. Значи, во тој период секој пратеник е должен да дојде во Собранието и да има право да се пријави за дебата по однос на Предлог законот. Во спротивно ова ќе создаде многу проблеми и ако има некое работно тело, оној што ќе сака да дискутира, ќе мора да напушти, да трча да се пријави, па дали претседателот на Собранието навреме ќе ја почне седницата или ќе мора да чека половина час некој да се пријави, мислам дека овој член мора да претрпи измени ако сакаме да овозможиме дебата овде во Парламентот.

Во однос на членот 85, во кој што се предлага ограничување на дискусиите на 10 минути и координаторот на пратеничката група да може да зборува 15 минути, нашата пратеничка група е против тоа и сметаме дека тоа не е главна причина за неефикасност во работата на Собранието и тоа го објаснив на почетокот кога дискутирав. Едноставно, во голема мера ќе се подобри работата на Собранието, доколку претседателот, потпретседателите и владеачкото монозинство седнат и се договорат како ќе ја терааат работата во Парламентот, а не вака да бараат виновници дека некој друг им е крив, затоа што Парламентот не функционира, а пред граѓаните да кажуваат дека тие се на власт и дека рејтингот им бил многу висок.

Во однос на членот 118, каде што е предвидено во работата на работните тела може да учествуваат и претставници од редот на научните и стручни работници, од кои едниот се избира на предлог на пратеничките групи од партиите на власт, а другиот на предлог на пратничките групи од партиите на опозицијата. Што мислел предалгачот или што значи оваа одредба во Деловникот. Ако тие се повикаат на седница на работното тело или на Комисијата, нивна задача е да дискутираат како експерти. Значи, да не бранат став ниту на власта, ниту на опозицијата, туку благодарение на своето искуство и знаењето кое што го имаат да се обидат на Комисијата да се подобри законот од аспект на нивната срсучност, а не од аспект на нивната политичка припадност. Мислам дека овој член не држи и мислам дека оваа одредба треба да се избише. Добра е намерата да се повикуваат експерти или научни работници по одредени прашања, но никако не треба да им се дава политичка конотација или припадност кон една или друга политичка партија. Не е смислата на нивното присуство на тие работни тела да застапуваат партиски ставови, туку да застапуваат експертски ставови.

Исто така, во член 125 “на член на работно тело кој отсуствува најмалку три парти од седница на работното тело, а за тоа не го известил претседателот на работното тело му се одбива 10% до платата, за секој ден отсуство за што акт донесува Комисјата за прашања за избори и именувања. Мислам дека и оваа одредба треба да биде поригорозна, бидејќи ако овој Деловникот се изгласа како што е работнте тела всушност ќе бидат еден вид мал Парламент или голем дел од работите ќе се префрлат кај нив и не може да се дозволи некое работно тело со оглед на нивното значење да не заседава поради отуство на некој пратеник или поради немање на кворум.

Во однос на постапката за донесување закони и други акти предвидени се три фази во донесувањето на еден закон, а тоа е прво читање, второ читање и трето читање. Тука има најмногу простор за подобрување на овој деловник или за дебата, бидејќи понатаму како што е предложено самите рокови се многу кратки, ќе создадат еден вид брзање во донесувањето на законите и можеби некогаш недоволно обрнување повеќе внимание на квалитетот на законот и на самите пратеници им се ограничува можноста квалитетно да учествуваат во расправата по овие закони.

Во првото читање ќе се добиваат предлозите на закони и е предвидено најмалку 15 пратеници, во рок од 5 дена од денот на добивањето на Предлогот на закон може да поднесаат барање Собранието да одржи општ претрес.

Овде сега веднаш се поставува прашањето што со оние пратеници или пратенички групи кои немаат 15 члена во Парламентот, а во Уставот стои дека пратеникот има право да предлага закони кога некој закон, ако нема поддршка од 15 пратеници, ќе може да дојде на расправа на пленарна седница во Собранието на Република Македонија. Мислам дека тука се врши кршење на Уставот на Република Македонија, ако добро се сеќавам, тоа е член 71 и значително се ограничуваат правата на пратениците кои имаат помалку од 15 пратеници во својата пратеничка група.

После првото читање, доколку добие законот поддршка од 15 пратеници и се закаже пленарна седница, Собранието ќе донесе заклучок дали тој закон ќе оди или нема да оди во втората фаза, односно на второто читање. Исто тука во оваа ситуација опозицијата во голема мерка ќе биде обесправена, бидејќи факт е дека сите нејзини законски предлози или законски решенија

владеачкото мнозинство нема да ги изгласа и нема да даде можност да поминат на втората фаза, бидејќи го имаат мнозинството и не сакаат да расправаат можеби за прашања за кои опозицијата цени дека има потреба да се дебатира во Парламентот, така што мислам дека и оваа одредба треба да претрпи измени и ваквите ограничувања да постојат во што помала мерка.

Господине потпретседателе, јас би замолил предлагачот ако може да не слуша.

**Иван Анастасовски:** Тука е предлагачот, дури и запишува.

**Марјанчо Николов:** Добро, во ред е, но очигледно е дека не ја слуша нашата дискусија, а утре кога ќе предлагаме амандмани повторно ќе излезе и ќе не обвинува дека сме го кочеле Собранието, а од друга страна не ја слуша нашата дискусија во оваа прва фаза. Мислам дека не е во ред.

Во второто читање, каде што пратениците имаат право да поднесат амандмани, истото е предвидено и целата постапка да се врши во рамките на матичните работни тела.

Тука прво се поставува прашањето дали баш на секој закон може да му се определи матично работно тело и плус Законодавно-правната комисија која треба да ја цени само уставноста или оправданоста од донесување на закон, дали баш на секој закон може да му се определи матично работно тело и кога матичните тела ќе расправаат по амандманите поднесени од страна на пратениците, мислам дека овде треба да стои став со кој ќе се каже дека мора да бидат присутни како предлагачи на амандманите. Не може матичното работно тело да прифати или одбие амандман без присуство на овластениот предлагач. Во таа ситуација секој пратеник ќе се чувствува хендикепиран што не е член на тоа работно тело, поднел амандман, а не може да го брани. Мислам дека тука треба јасно да се определи дека на седниците на матичните работни тела задолжително присуствуваат и предлагачите на амандманите во однос на текстот на законот.

Меѓу првата и втората фаза е предвидено дека второто читање се врши во рок од 5 работни дена по одржана седница на Собранието, а амандманот по член 150 може да се поднесе најдоцна три дена пред одржување на седница на матично работно тело и Законодавно-правната комисија, значи, имаме време од два дена во кое можеме да поднесеме амандман. До сега имавме многу повеќе простор и можевме поквалитетно да ги проучиме законите или решенијата, сега ни се ограничува правото со овој Предлог деловник само во рок од два дена да може да поднесуваме амандмани. Мислам дека времето е многу кратко и дека вкупно сите рокови се многу тесни за поминување на сите три фази, значително ќе се одрази на квалитетот на законите, но таму каде што можеме да влијаеме за подобрување на квалитетот на законите со поднесување на амандмани не можеме, бидејќи рокот е многу краток, значи само два дена. Тука треба да се размисли овој рок, да се продолжи или да се најде модус од една до друга фаза да се продолжи времето во кое треба да се разгледува законот.

Ако на второто читање се води претрес само по оние членови на Предлогот на законот што се изменети со амандмани на работните тела, само на тие членови може да се поднесата амандмани, се воведува ограничување тоа да го направат само група од 5 пратеници. Повторно се создаваат предуслови оние пратеници кои се избрани и не се дел од некоја пратеничка група или ги има двајца или тројца од иста партија да не можат и вака да си го остварат своето право или работа во Парламентот. Тоа е уште едно ограничување во однос на работата на пратениците и овде не треба да стои оваа одредба дека 5 пратеници мора да има за да можете да поднесете амандман на пленарна седница во однос на членовите кои се предмет на расправа.

Исто така, и ограничувањето во однос на одбраната на амандманите, предвидено е дека предлагачот може да даде образложение во траење од 5 минути, а пратеникот кој што ќе се јави да учествува во расправата по амандманот да може да учествува со три минути. Мислам дека можеби малку кратко времето, особено ако се работи за некој суштински амандман, некој амандман кој што битен за некој град, општина, регион или за подобрување на квалитетот на законот и да се дадат повеќе аргументи во негова одбрана, мислам дека времето е многу кратко и можеби не треба да има некакво ограничување, бидејќи повторно целта на ова Собрание во суштина е да донесува квалитетни закони.

Во членот 156 е предвидено ако не се одржи општ претрес по Предлогот на законот, претставниците на пратеничките групи може да го изнесат мислењето на пратеничката група по Предлог законот на седница на Собранието на почетокот на претресот, а излагањето не може да трае повеќе од 10 минути. Сега повторно како би дошол некој закон ако не ја помине првата фаза да дојде во втора фаза, дали освен по итна постапка, скратена постапка итн, но сепак и тука треба да има големо образложение и не треба да се ограничува дискусијата на пратениците колку можат да дебатираат.

Во членот 158 се вели: “Ако матичното тело или ако Законодавно-правната комисија оценат дека Предлогот на законот не е прифатлив за натамошно читање, Собранието одлучува по предлогот без претрес. Ако предлогот е прифатлив, законодавната постапка се прекинува, ако не се прифати матичното работно тело и Законодавно-правната комисија продолжуваат со второ читање”. Ова е уште едно ограничување на постапката за донесување на законот. Ако во втората фаза од законот е предвидено да се разгледуваат амандмани, ако е предвидено да се дебатира во однос на конкретни предлози за

подобрување на текстот на законот, тогаш не ја гледам причината некое матично работно тело да носи одлука или да ја прекинува постапката за донесување на законот. Мислам дека ова е уште еден класичен обид повторно да се ограничи или да се оневозможи опозицијата поефикасно да ја врши својата работа, ако успеал некој закон во првата фаза да помине, сега во втората фаза матичното работо тело ќе го симне и ќе се даде предлог на Собранието без претрес, без образложение зошто матичното работно тело предлага тој закон да се симне од расправа во Собранието. Тоа е уште едно класично ограничување на правата на пратениците, посебно од опозицијата.

Во однос на третото читање, тоа е предвидено дека може да се одржи на иста седница како и второто читање под услов да не се усвоени повеќе од 1/3 од предложените амандмани на членовите од законот. Мислам дека и тука треба да се размисли околу ова, можеби третото читање ако нема предлози да се одржи посебна седница за сите закони кои веќе ќе стасаат до третата фаза, кои во голема мера би требало да бидат усогласени во дебата во Парламентот и на тој начин да се создаде атмосфера дека може да поминат во Собранието.

Отприлика тоа беа моите забелешки во однос на Предлогот за донесување на деловник за работа на Собранието на Република Македонија. Се надевам дека предлагачот или групата предлагачи ќе ги земат предвид кога ќе дојдеме во наредната фаза, но повторно ќе кажам, за жал овој деловник го носиме поради политички причини, а не толку поради потребата да се подобри ефикасноста и експедитивноста во работата на Собранието. Самото време ќе покаже колку сме биле во право кога баравме овде да се стават и други прашања кои се од втората фаза и ќе дојдат на ред за дебата. Се надевам дека предлагачот ќе прифати поголем дел од моите забелешки.

**Иван Анастасовски:** Благодарам колега.

Три минути реплика пратеник госпоѓа Благородна Дулиќ, повелете.

**Благородна Дулиќ:** Благодарам господине потпретседател.

Со жалење морам да констатирам дека 15 минути од излагањето на колегата беше вон темата што е предмет на дневен ред денеска. Значи, и понатаму се настојува со губење на време да го губиме времето во работата на Собранието.

Второ, не ми е јасно, со оглед на тоа што дискутираме во прва фаза од донесување на деловникот, дали колегата смета дека има потреба од донесување нов деловник или не? Тој се впушти во анализа на одделни членови, што сметам дека треба да се направи во втората фаза, пред Комисијата и евентуално со интервенција во вид на амандмани, меѓутоа не се произнесе дали смета и како ќе гласа, дали има потреба од донесување на нов деловник, за што всушност расправаме денеска.

Од тие причини сметам дека навистина, во натамошните дискусии, треба да се држиме до дневниот ред ако сакаме пред аудиториумот да оставиме впечаток дека навистина сме сериозни пратеници и сериозно си ја сфаќаме работата за која што сме платени. Во спротивно, сметам дека рејтингот на Собранието и понатаму ќе паѓа, а на партиите, тоа е веќе работа на членовите на партиите.

Според тоа, сметам дека и со ваша помош и интервенција треба да се каналицира работата на Собранието во врска со точката од дневниот ред. Да не се спомнуваат никакви други спорадични, дали имало договори, дали не, дали нешто ќе се внесе или предложи во деловникот, тоа не е предмет на денешнава расправа. Според тоа, сметам дека навистина и вие треба да интервенирате ако некој направи дигресија. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Дел и до мене беше упатено, добро, тоа е ваше.

Една минута контра реплика пратеник господидн Николов Марјанчо, повелете.

**Марјанчо Николов:** Во однос на тоа кој и дали се придржува на дневниот ред или не госпоѓо Дулиќ има претпседавач на оваа сединца. Тој треба да реагира. А вие, кога ќе бидете претседател на Собрание, можете тогаш да изнесувате ваши видувања.

Во однос на тоа дали сме за или против, донесување на нов Деловник, јас го кажав ставо. Само требало внимателно да слушате. Вие, очигледно не сте го правеле тоа, веројатно можеби сте правеле муабот со предлагачот.

Значи, ние сме за донесување нов деловник, но деловник што ќе биде усогласен меѓу сите пратенички групи во Собранието на Република Македонија, деловник што ќе се донесе со консензус и деловник што ќе содржи одредби прифатливи за сите. Ако вие сакате на сила да истуркате нешто, затоа што имате 61 глас и тоа да го претставувате како врв на демократијата, иамате сериозен проблем.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Три минути за реплика пратеник госпоѓа Поповска Лилјата, повелете.

**Лилјана Поповска:** Благодарам господине потпретседателе,

Почитувани колеги пратеници, сакам да исправам еден погрешен наод од колегата.

Почитуваниот колега, имено, спомна дека ВМРО-ДПМНЕ преку Лилјана Поповска порачал анмандман за скратување и ограничување на дискусиите на пратениците. Тоа е сосема неточно.

Лилјана Поповска, како што е познато, не прима нарачки. И да се нарачани со добро и со лошо. Обично го говорам она што го мислам и го затапувам она во што верувам.

Инаку, сосема е логично што го предложив амандманот за регулирање на дискусиите на

пратениците, затоа што за такво нешто се залага и во претходната дискусија, на тема “Деловник на Собранието на Република Македонија” што се отвори во овој мандат. За истото тоа се залагав и претходно како пратеник, а исто така уште претходно како потпретседател на Собранието.

Имено, и понатаму светам дека со две работи, на многу едноставен начин би се зголемила ефикасноста на Собранието, а тоа е со регулирање на начинот на дискусии во Собранието и второ, со ден за гласање. Мислам дека тоа е сосема логичен и разумен предлог. И тогаш го предложив со такво убедување, сакајќи да помогнам да се излезе од кризата во која што западна Парламентот околу деловникот. Мислам дека тоа ќе беше наједноставен и најбезболен начин. Меѓутоа, за жал на различен начин го сфативме тоа, јас и моите колеги од Парламентот.

Тоа беше мојата исправка, ви благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Една минута контра реплика пратеник господин Николов Марјанчо, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Граѓаните веројатно ќе не ценат по тоа кој што зборува и кој што прави. И, секој граѓанин ќе си има свое мислење за нашата активност во Парламентот врз основа и на она што го зборуваме, меѓутоа и на она што го правиме во пракса. И, без разлика како дојде тој предлог, јас не можам да приходам, еве и госпоѓата Поповска Лилјана се претставува како демократ. Првата работа за подобрување на ефикасноста на Парламентот да ја гледа во ограничување на дискусиите на пратениците. И мислам дека тоа е спротивно на нејзините демократски убедувања за кои што го прокламира во Собранието и не води кон натомошно проширување или градење на демократијата во Република Македонија.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Продолжуваме.

Има збор пратеник госпоѓа Цветковска Благородна, повелете.

**Благородна Цветковска:** Благодарам.

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници,

Дозволете ми уште на почетокот на моето излагање да го искажам моето искрено разочарување, огорченост, револт од ставот на владиното парламентарно мнозинство.

За прв пат сум пратеник во овој висок парламентарен дом и за жал не само денес, туку веќе 10 месеци видов голема анархија наместо демократија. Ова како човек, како граѓанин на оваа земја ме разочарува, затоа што зад секој од нас стојат граѓани, гласачи чиј глас треба да го пренесеме овде. Мислам дека јавноста македонска знае, слуша, не гледа кој што зборува, кој што кажува, кој чии интереси изнесува, застапува и пред македонската јавност барем во овој парламентарен дом не треба да играме криенка, миженка. Мислам дека криење на договорот помеѓу Никола Груевски и Али Ахмети треба да го обелодениме пред граѓаните, затоа што и ние самите пратеници во овој парламентарен дом не знаеме. Знаеме само тоа дека треба да се почитуван Охридскиот договор и Уставот на Република Македонија. Друго она што е напишано на англиски и освен тие 46 закони кои не сакавте овде да ги кажете пред нас, друго ништо не знаеме. За тоа не знае и македонската јавност.

Според мене нема потреба за менување на деловник, најмалку во ваква форма. Деловник да, но со консензус донесен од сите политички партии бараме таков ние од пратеничката група на СДСМ заради спречување на праксата која што во последните пет месеци Владата на Република Македонија ја користи како принцип, односно како правило. Ако ова се мотивите, а тие се, тогаш треба да упати официјално барање до премиерот, или до останатите членови на Владата многу посериозно, многу поконцизно и политички издржано да ги подготвуваат законите за да не во пет до дванаесет не изненадуваат и ги ставаат пратениците пред свршен чин, кога не во техничка смисла, ама во содржинска драстично ја менуваат содржината на законите. Деловникот кој е највисокиот правен акт за нас во Собранието е основен предуслов за добра работа во Собранискиот дом сите да можеме да го дадеме својот максимум и да ги реализираме очекувањата на граѓаните, да направиме деловник за сите во овој дом, деловник што ќе биде со консензус и со усогласување меѓу парламентарните партии. Ова е правен акт што ќе придонесе да имаме вистински дијалог по однос на одредбите во него. Упатувам порака на заеднички дијалог и компромис, но искрено во интерес на оваа земја, на овој народ да се разговара помеѓу политичките партии, а само така ќе се дојде до заеднички решенија за оние прашања кои се од заеднички интерес во интерес на граѓаните на Македонија да продолжиме цврсто по патот кој што го зацртавме за Европска унија и за НАТО.

Донесување на деловник кој се расправа во Собранието бара од нас сила и разум и да дадеме приоритет на закони кои се значајни за развојот на Република Македонија како што се законите од областа на економијата, законите за подобрување на животот на народот, а не закони како што е и овој за празници, за образование и било кои да ги ставаме како главни, наместо да даваме приоритет на оние закони кои се од приоритет за развојот на Македонија. Едноставно тие закони беа и главна поента во програмата на парламентарното мнозинство во овој период. Ова зборува дека ние меѓусебно не се почитуваме, или пак не знаеме да научиме да постигнуваме компромис и согласност за најзјачајните работи во Република Македонија и македонскиот народ.

Мои лични забелешки се дека не треба да има временско димензионирање на дискусиите, или ограничување на дискусиите, а со тоа и

замолчување на опозицијата и тоа во најотворениот и согласно Уставот на РМ единствениот демократски дом кој што ги обединува сите политички партии. Тогаш подобро би било Владата на РМ на своите седници да предложи временско димензионирање, или ограничување на членовите на Владата во дискусиите, министрите, па можеби тогаш тие ќе бидат поефикасни и наместо закон за празници, за деловник, ќе донесуваат сериозни и здрави закони кои почиваат на економска основа, закони од здравство, економија, кои се во интерес и од кои граѓаните многу очекуваат. Според мене, крупна забелешка е пријавувањето само во првата минута од поставувањето на прашањето на дневен ред, или од остварување на расправата. Зарем тоа е демократија, пратеникот да не може да го изнесе своето сопствено мислење? Со ова се деградираме самите себеси и го деградираме Собранието на РМ. Се може да се надмине со дијалог и компромис, со ефикасно работење, концизни дискусии и добра работа. Се согласувам, тоа е во ред. Тогаш народот ќе суди и ќе оценува колку сме ефикасни и колку работиме во прилог на нив, во прилог на оваа земја, во интерес на младата популација, во интерес на генерациите кои доаѓаат по нас. Затоа никогаш нема да поддржиме одредби ако парламентарното мнозинство ја замолчува опозицијата. Тоа е нејзино уставно и деловничко право да говори овде во овој собраниски дом. Вие денеска го ограничувате правото на демократија, го ограничувате правото на пратениците да го искажат своето мислење.

Почитувани дами и господа, сакам да ви кажам уште еднаш дека опозицијата не можете да ја замолчите. Тоа е цитат на потпретседателот на ВМРО-ДПМНЕ. Е сега ние оваа опозиција одговара и нас никој не може да не замолчи и не можете да не замолчите, бидејќи сакаме да учествуваме во донесување на конструктивни предлози, размислувања, се во интерес со цел да се подобрат законите, а ова е во интерес на целиот македонски народ.

Со 10-те минути едностано тоа е тоталитарен режим, режим од кој веројатно сеуште некој не може да се ослободи од својата мајка, тоа е партијата.

Следниот чекор што го очекуваме е укинување на директните преноси од собраниските седници. Ова најотворено ви го кажувам, затоа што во помалите места ние немаме преноси од собранискиот канал. Така што народот не може да слушне и да гледа какви театарски претстави се одвиваат овде во овој собраниски дом и комедии, уште трагедии да има, се ќе биде во ред. Или целосно распуштање на Парламентот, бидејќи поради 10-те минути ограничување на функцијата на пратениците е комплетно деградирана во Парламентот на Република Македонија. Пратеникот не може да биде замолчен. Опозицијата не може да биде замолчена, тоа е нејзино уставно и деловничко право. Ние нема да прифатиме договори кога се во прашање демократските права. Демократијата не може да биде ограничувана и не може да биде дозирана. И ние нема да дозволиме и нема да прифатиме договори во колкава мера ќе ја дозираме демократијата за да финализира демократија, или постои, или во овој случај не постои воопшто демократија. Едноставно не знаеме кој пратеник колку ќе говори. Меѓутоа, навистина иритирачко е вашето однесување од парламентарното мнозинство и незаконски, неделовнички и спротивно е на Уставот да ги ограничувате дискусиите за кои што ние зборуваме. Зборуваме за 10-те минути. Понатаму по повод 10-те минути Никола Груевски сегашен премиер на РМ, дали некој ќе зборува две, пет, или 20 минути, тоа ќе биде избор на самиот човек што образложува, на самиот пратеник. Ова што го правите со тие 10 минути е опструирање на Парламентот. Тоа е воведување на диктатура. Не можете да му ограничите на пратеник дали ќе зборува пет минути, три минути, или 20 минути. Тоа никогаш го немало и никаде го нема. Можеби некој ќе ме потсети, има во Данска, во Норвешка и во други земји, прочитав литература, видов каде има ограничување, но ние сме далеку од тие земји. Бидејќи тоа се воведува како принцип во РМ ние никогаш нема да го прифатиме тој принцип некој да не ограничи во нашата дискусија, едноставно да се воведе диктатура. Господинот Груевски не го прифаќа тој принцип, а сега не само што не го прифаќа, туку така треба да работиме до крај на нашиот пратенички мандат. За жал, и идните пратеници можеби ќе продолжат така да работат. Парламентот во моментот е подреден на Владата. Деловникот треба да биде збир на правила, на принципи, на стандарди кои ќе важат подеднакво за сите. Никој не може да ми го ускрати моето демократско право слободно да си зборувам. Победата на изборите не ви дава основ за ваков пристап арогантен, апсолутистички, затоа што на 5-ти јули граѓаните не ви го дадоа гласот со нив да манипулирате, со нив да манипулирате, тие тоа не го заслужуваат. Меѓутоа, ви порачаа да работите во корист на нив, а точно е, ние изгубивме на 5-ти јули, затоа што вие премногу им се додворувавте, а сега воопшто ништо од ветеното не исполнувате. Тие бараат остварување на се она што е приоритетно, бараат повисоки плати, бараат едноставно егзистенција, бараат вработување, бараат економијата да се крене на нозе и многу други закони кои се од витално значење за Република Македонија. И не случајно денеска ќе не осудат, ете пак деловникот го ставиле денеска ни пропадна цел ден. Навистина едно неумесно сценарио се направи од 16 часот почнавме со ефективна работа. До тогаш криенка, миженка, едноставно игравме во овој парламентарен дом. Да не заборавиме, ништо не е бланко и ништо не е постојано.

Колеги пратеници, да не заборавиме, со свој камен се удираме по своја глава и позиција и опозиција. И пак ќе бидете спремни и пред овој народ ќе кажете отворено како што умеете и знаете да кажувате, па вината е во опозицијата,

вие сте кочничари на се, а незнаат дека ние овде правиме кворум. Точно дека тоа е работното време си го исполнуваме во овој парламентарен дом. Меѓутоа, парламентарното мнозинство не може ниту кворум да си обезбеди да изгласа еден закон, не доаѓаат на седници, а вината пак ќе биде на страна на опозицијата. Затоа, немојте секогаш вината да биде на опозицијата. Знаете во народот онаа реалната поговорка: “Рибата мириса од главата”. И токму во овој парламентарен дом мислам дека мирисот е од главата.

**Иван Анастасовски:** Пред да продолжиме 10 минути пауза и продолжуваме со наредниот дискутант.

(Пауза од 16,07 минути)

(По паузата седница продолжи со работа во 17,20 часот)

**Иван Анастасовски:** Ги повикувам пратениците во салата, ќе продлжиме со расправа.

Според листингот на пријавените, има збор пратеник Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван потпретседателе, почитувани 8 колеги пратеници, во салата.

Јас навистина, на самиот почеток ќе ја изнесам дилемата дали вреди воопшто човек денес на оваа седница да дебатира во однос на деловникот и тоа, прво, поради она што се случуваше во претпладневните часови, од што на сите ни стана јасно дека отпочнува реализацијата на договорот помеѓу Никола Груевски и Али Ахмети, така наречениот нов скопски рамковен договор.

Значи, дека е така, ни беше јасно и од излагањето на почитуваниот колега Трајко Вељановски, кој што кажа дека ние со ДУИ се договоривме, па вие, како сакате останатите од опозицијата, можете и да гласате, можете и да не гласате, ние го имаме оној потребен 61 пратеник.

Од друга страна, дилема ми наметнува присуството на колегите пратеници, кои што во овој момент се во слата.

Почитувани неколку колеги пратеници, ако вака се однесуваме кога треба да дебатираме за нешто, кое се однесува на сите нас, за нешто во кое што треба понатаму да работи Парламентот, а сите ние сме дел од Парламентот, а сите ние одговараме пред граѓаните кои што не избрале, кога се однесуваме вака, па како можам да си претставам се однесуваме кога треба да дојде некој закон од Владата. Јас ги разбирам пратениците од парламентарното мнозинство, затоа што ним им е многу лесно најголемата обврска и задача им е да го притиснат копчето за, и најмалку ги интересира што со тој закон им се нуди на граѓаните. Дали тој ќе го подобри нивниот живот, или уште ќе им нанесе поголема штета и на вака осиромашеното население.

Почитуваниот колега Трајко Вељановски, предлагач на Деловникот ќе каже не сме можеле да ја следиме Владата и токму поради тоа ни бил потребен Деловник.

Почитуван колега, како да ја следиме и во што да ја следиме Владата. Два и повеќе месеци немавме ниту еден закон од економската сфера. Нели оваа Влада основно начело и беше тоа да ги донесе законите со кои што ќе го подобри животот на граѓаните, односно ќе ја дигне економијата на нозе и ќе им овозможи подобар стандард на граѓаните. Таков закон, почитувани колеги, не видовме, или оние што ги видовме беа многу малку.

Освен тоа, и оние закони кои што ни ги предложи министерот за финансии се однесуваа или за воведување на нови давачки, или за зголемување на веќе постојните даноци или давачки, во вид на административни такси, илипак на укинување на некое право што го имаат жителите на Република Македонија, односно можеби и не е така големо, но е многу значајно за жителите како што беше од руралните средини, поточно од оние средини на кои што им е потребен поголем развој и кои што граѓани се навистина, доведени до работ на егзистенцијата. Но, и тоа можам да го разберам после образложението на министерот за финансии дека со плаќање на данокот медицински било утврдено дека граѓаните доживувале големо психичко задоволство.

Почитувани граѓани на Република Македонија, оваа Влада ги воведува нови давачки, оваа Влада од сиромашните, прави уште посиромашни, се со една единствена цел вие да доживеете што е можно поголемо психолошко задоволство. Можам да замислам какво ќе биде психолошкото задовослтво на граѓаните кога ќе им се воведе и новиот здравствен данок, илиод многу брзо, за некој ден кога ќе почне да се применува одлуката за здравствениот придонес за што сиромашните стануваат уште посиромашни, а богатите или побогати или остануваат исти.

**Иван Анастасовски:** Држете се до темата.

**Роза Топузова Каревска:** За Деловникот е тоа, договорот на почитуваниот предлагач, само го следам тоа што тој го кажа.

Што се однесува и понатаму на она што го кажа претседавачот, тоа е за времето кога требало да се донесе Деловникот и дека оваа опозиција немала никакво расположение за носење на Деловник, или до колку имала, вели дека тоа требало да биде по 4 години. Да, почитуван колега Трајко Вељановски. И вие самиот кажавте дека претходниот Деловник, цитирам од вашето обраќање, најверојатно го заборавивте, зашто беше пред 6 месеци, кога прв пат беше псотавен Деловникот на дневен ред. Вели, овој Деловник на почетокот на 2006 година бил доставен до координаторите на пратеничките групи.

Почитувани колеги пратеници, почетокот на 2006 година, тоа е некаде при крај на мандатот на претходното парламентарно мнозинство, а не на почетокот, како што вие тоа сакавте да го направите. Значи, до пратениците на тогашниот Парламент, се со основна цел овој Деловник да

се разгледа од работните тела од Собранието и истиот да се донесе. Овој текст на Деловник на Собранието,не беше разгледан односно не беше ни донесен. Точно почитуван колега Трајко Вељановски, иако беше доставен при крајот на мандатот, тогаш тогашната опозиција, сега парламентарното мнозинство, најголемите основни забелешки ги имаше околу ограничувањето на времето на дискусиите и тогаш тоа беше наречено крај на демократијата, замолчување на опозицијата, крај на демократските процеси во Република Македонија, крај воопшто на нешто што претставува и мал зародиш на демократија во Република Македонија, а со тоа и крај на Република Македонија во нејзините напори за евроатланските интеграции.

Почитуван коелга Трајко Вељановски, понатаму вие ќе кажете дека овој Деловник што сега го имаме пред нас и оној претходниот, многу малку, значи доставен од претседателот Љупчо Јордановски, малку и незначително се разликуваат и тоа ви е алиби дека тогашното парламентарно мнозинство, а сега опозицијата, односно пратеничката група на ЛДП и СДСМ треба да ви дадат безрезервна подршка.

Јас сега ќе кажам што е една од основните забелешки на ЛДП.

Почитувани колеги пратеници, дека не е така, како што говори предлагачот на законот, ќе ви ги прочитам двата члена кои за мене се многу суштински. Ако има граѓани во Република Македонија, за кои ова не е суштинско прашање, тогаш оставам самите да процените. Одам токму на тој член каде што во законот, предлог на Деловникот, кој што беше доставен во претходниот пратенички мандат од почитуваниот претседател Љупчо Јордановски вели: “пратеник кој зборува јазик различен од македонскиот јазик, ако го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на Република Македонија, може на седница на Собранието и на седница на работно тело да зборува на тој јазик”. За разлика од овој Деловник сега, вели дека,иститe тие да не ги набројувам повторно пратеници, се однесува на заедницата која што има најмалку 20% од граѓаните на Република Македонија, вели дека, покрај тоа што може да говори на седници на својот јазик и на седниците на работните тела, вели како и да раководи со седници на работното тело.

Почитувани колеги пратеници, не сакам да бидам погрешно разбрана. Апсолутно, немаме ништо против ова и да биде така, но прво, сметаме дека е ред да се донесе законот за употреба на јазиците. Вие почитувани колеги од парламентарното мнозинство со вашите коалициони партнери од ДПА најавивте дека ќе го имаме овој закон во собраниска процедура и дека ќе го донесеме. Повелете, доставете ни го законот, да видиме како таму се регулира употребата на јазиците, во овој случај се говори за албанскиот јазик, а ние потоа врз основа на тоа што таму е изложено, ќе оцениме како треба тој да се применува во Собранието.

Вака почитувани колеги пратеници, не е ништо друго, освен во вашиот стил на работење на мала врата сакате да воведете двојазичност во Република Македонија, повторно задскривајќи се зад опозицијата. Направете нешто и вие за што ќе кажете имате смелост дека тоа треба да биде така и ние тоа така сакаме да го направиме. Така излезе претходното парламентарно мнозинство со Законот за територијална организација, ви го достави по долгочасовните дебати, кои што траеа и ден и ноќ во Собранието. Ние успеавме да го донесеме Законот, не ни пречеше тогаш, не се работеше за ограничување на дискусиите, говоревте по 5-6 и повеќе часови, се повторувавте, читавте број на жители, број на овци, број на кози, број на население. Што не се беше кажано од оваа говорница, се со една единствена цел, тогашната опозиција,односно пратениците на ВМРО-ДПМНЕ д ане убедат дека со носењето на Законот за територијална организација, тоа е крај на Македонија, тоа е раскројување на нејзините граници, тоа се нови граници на Република Македонија и дека Република Македонија со носењето на тој Закон ќе престане да постои во сегашните постојни граници.

Тој Закон почитувани колеги, веќе е две години и гледаме дека и понатаму за среќа на сите граѓани на Република Македонија, Република Македонија опстојува и можам овде да ја искажам мојата искрена желба и понатаму, со векови ќе опстојува, без разлика дали некој има поинакво мислење, или можеби има поинаков став, желба и намери.

Почитувани колеги пратеници, бевме обвинувани дека правиме нешто со кое што и ненесуваме зло и кое што не е добро,но времето покажа поинаку. Во овој момент исто така, сме обвинувани дека ние сме кочничари на реформите во Република Македонија. Ние, односно опозицијата, но исто така граѓаните гледаат, ценат, проценуваат, а најмногу проценуваат и оценуваат врз она како тие живеат денеска, како денеска ќе го поминат денот и што мислат дека ќе им се случи во утрешниот ден, дали ќе им беде подобро, или уште полошо.

Врз основа на тоа ќе кажат многу брзо и кој е кочничар на реформите во Република Македонија, а кој говори за тоа дека реформите не се кочат со тоа што дискусиите ќе траат малку подолго во овој Парламент, туку реформите се кочат со лошото работење на Владата, односно, воопшто и нема реформи, па не знам што би можеле ние во тој случај да кочиме. Ако оваа Влада понуди решение, тогаш ако овде се закочат, да говориме за тоа. Почитувани колеги пратеници, со една ист ваков Деловник беа донесени преку 1018 акти во минатиот состав, беа донесени 487 закони, усогласени со европското законодавство. Па и сега, почитувани колеги, погледнете колку закони во овој период сме донеле. Дали тоа не е заслуга на овој Парламент. Не ми е јасно зошто вие пратениците, односно ние, сакаме самите да ја преземем одговорноста за она што не го работи Владата. Не, почитувани

колеги пратеници, се она што ни е испратено од Владата, било ставено на оваа седница и се разгледувало. Нешто траело помалку, нешто повеќе. Но за што се дебатирало најмногу. Најмногу се дебатирало кога на оваа седница ќе додјат закони кои што не се од приоритет на граѓаните на Република Македонија. Дали Законот за празниците беше приоритет на граѓаните на Република Македонија. Не, почитувани граѓани, со ништо нема да се подобри животот на луѓето ако имаат два, три или повеќе нови празници.

Значи, дали беше приоритет со денови да дебатираме, дали 23 Октомври да биде најголемиот државен празник, обележан со најголема награда, и дали да бидат овие или оние членови на одборот. Со тоа, се одвлекува вниманието на граѓаните во Република Македонија од нивната тешка економска состојба. Се одвлекува вниманието и со спектакуларните апсења. Но почитувани пратеници, тоа ќе имја грее душата еден, два, три, четири дена, а потоа повторно тие исти граѓани ќе побараат работа, тие исти граѓани ќе побараат пари, тие сити граѓани ќе побараат децата да ги испратат на училиште и да живеат подобро. Со нашите дебати овде од десетина минути повеќе нема со ништо да им се подобри животот. Со ова што сега го говорев, веќе ја отворив и темата за ограничување на дискусиите и јас тука можам да кажам дека ако сите политички партии се согласиме, се договориме за некое разумно ограничување на дискусиите, можеби ќе најдеме прифатливо решение. Но не, во никој случај како што е предивидено со одреден член, пратениците по одредени прашања да се пријавуваат во првата минута, значи кој побрзо ќе стигне, а кој во таа прва минута не е тука, со одреден закон нема право да дебатира, без разлика дали тој со недели,или со месеци работел врз тој закон, без разлика, а тоа е и основната наша работа да работиме на законите, а не само да доаѓаме и да го стегаме зеленото копче. Тоа важи за пратениците од парламентарното мнозинство. Да работиме на законите, да предлагаме амандмани и со тоа да настојуваме да го подобруваме текстот на законот, со една единствена цел да може тој поуспешно да се имплементира, а и колку може да им го подобри животот на граѓаните. Значи, ако не е тука, во таа прва минута, тој нема право да го искаже своето мислење. Тоа не е само негово мислење, тоа е мислење и на граѓаните со кои што остварил контакт, тоа се сугестии што ги добиваме во нашите канцеларии од контактот со граѓаните. Значи, не го искажуваме овде само нашиот став и мислење, туку она што граѓаните ни го испорачуваат. Тогаш, ние немаме право да го кажеме, затоа што во првата минута, замислете, пратеникот бил отсутен од салата. Апсолутно, сите ќе се согласите и за вас од парламентарното мнозинство дека ова е неприфатливо решение и не верувам дека од било која политичка партија ќе добиете согласност околу тоа прашање.

Исто така, има многу и недоречености во овој Деловник, како што е навреме да се пријави, или благовремено да извести некој . Тоа се општи места кои што можат да важат или да не важат, но за тоа ќе говориме кога ќе ги доставиме амандманите.

Иако би можела долго да зборувам и да анализирам член по член, сега не би го правела тоа. Претходните колеги кои дискутираа повеќе од овие прашања елаборираа.

Би сакала, сосема на крај да кажам дека, особено внимание заслужува главата 9, што мислам дека во целост треба да се преработи, затоа што вака, како што е доставено како Предлог за донесување на Деловник за работа на Собранието, со ништо нема, како што сакаше да не убеди предлагачот, да го врати дигнитетот на Собранието или да ја зајакне функцијата пратеник, туку напротив, пратениците ќе се претворат во луѓе кои треба да се натпреваруваат со минутите и деновите, без да можат квалитетно да интервенираат во законите. И, да не говориме, што уште повеќе се зајакнува улогата на парламентарното мнозинство што може во секој момент да ги надгласа во работните тела пратениците од опозицијата и добрите законски решенија и добрите амандмани, кои можеби по некоја случајност некој од министрите и ќе прифатат, по еден или два, нема да го видат ниту белиот ден, да излезат на седница на Собранието.

Почитувани колеги пратеници, вака доставениот Деловник особено е многу проблематичен за помалите пратенички групи, а уште повеќе за поедини колеги пратеници кои не припаѓаат на пратеничка група или кои се независни пратеници. Навистина, им го одзема правото во многу области, дури и правото на процедурална забелешка, што е дадено само на координаторите.

Мислам дека пратениците покрај другото, имаат должност да бидат присутни во оваа сала, да ја следат работата на Собранието и процедурално да интервенираат до претседателот кој, кога ќе го повреди Деловникот, како што беше случај денеска, почитуваниот претседател, не почитувајќи го Деловникот до крај, изгубивме едно цело претпладне и овој Парламент го претвои, како што многу често и успева да направи од него, во обичен театар. Јас реков, навистина, тој е еден од најуспешните режисери на хаосот. Но, за жал, почитувани колеги тоа не е само негов проблем, тоа е проблем на целиот Парламент, затоа што начинот на кој што тој ги поставува работите во Парламентот, губат сите пратеници, губи Република Македонија.

Од ова што досега го кажав, особено од она што прво го наведов, поради тоа што ВМРО-ДПМНЕ повторно, на мала врата, сака да каже дека отпочнува да се реализира договореното со ДУИ, со тоа што го ставивме Деловникот на дневен ред, значи ние почитуваме, сака да се покаже пред меѓународната заедница дека го почитува она што го договорила. Ние нема да дадеме

подржка за Предлогот, за потребата од донесување на Деловник.

Да, ќе дадевме подршка за нов Деловник, без разлика на времето, ако сметавме дека е добро да се донесе на крајот на мандатот. Реков ќе можеме да се договараме за се друго, а тоа значи и околу ограничување на минутите и околу фазите да се разгледува законот, значи ќе дадевме подршка доколу не беше една единствена цел. И како, на крајот да дадеме подршка кога самиот предлагач кажа дека е целта да бидат внесени 46-те закони што треба да се гласаат по Бадинтер.

Јас немам ништо против да бидат и тие закони, но почитувани колеги, како да говориме за нешто што не знаеме? Како да дадеме подршка кога ние овде, пратениците од опозицијата, а верувам дека најголем дел од парламентарното мнозинство воопшто не знаеме за кои закони се работи. Навистина, не знам  што е толку мистериозно во тој договор што се крие. Повелете, ставете го на дебата на Собранието, доставете го до пратениците, доставете го списокот од 46-те закони, да знаеме како да се однесуваме во понатамошната наша дебата. Вака, се е обвиено со мистерија, секогаш парламентарното мнозинство, задскривајќи се зад опозицијата, постигнувајќи си ги своите цели, без разлика колку тоа е на штета на граѓаните на Република Македонија. Ви благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Прв за реплика од три минути е пратеник господин Незири Сафет.

Повелете вашите три минути.

**Сафет Незири:** Ви благодарам.

Слушајќи ја денешата расправа во однос Предлог-деловникот од една група пратеници, се забележуваат неколку сугестии од дел на македонската опозиција. Мислам дека, за жал, не се гледа перспективата на оваа работа во иднина во Република Македонија, дека горе, долу владее една логика на антиалбански фрустрации, посебно во делот на употребата на албанскиот јазик.

Ако некој мисли дека единствен начин да се има политички рејтинг и можеби како политичка група во каузата против употребата на албанскиот јазик во држаните институции, во лакалните институции, мислам дека е голема грешка.

Да ги известам сите тие, особено претходниот говорник каде се спомнува употребата или покачувањето на нивот на употребата на албанскиот јазик, мислам дека е грешка. Не се работи за пораст на употребата на албанскиот, туку треба да се спроведе природното право и законското право за употребата на албанскиот јазик во институциите во Република Македонија.

Би го споманл Амандманот 5, на целата територија на Република Македонија и во своите меѓународни односи службен јазик е македонкиот јазик и кирилското писмо. Но, друг јазик што го говорат најамалку 20% до граѓаните на Република Македонија, исто така е службен јазик и неговото писмо како што е определено со овој член. Но, да не заборавам да го спомнам исто така, и ставот 5, каде што се вели дека во органите на државната власт во Република Македонија, службен јазик освен македонскиот јазик, може да се употребува во согласност со законот.

Затоа би апелирам кај сите пратеници кои се трудат да го злоупотребат природното право, но и законското право на албанскиот јазик да биде навистина јазик како што е предвидено со Охридскиот рамковен договор и други договори, да не се дискутира и не се злоупотребува правото на албанското население во Република Македонија, навистина да се чувствуваат исти и еднакви во сите иситуции во Република Македонија. Ви благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодрама колега.

Една минута контрареплика пратеник, госпоѓа Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Токму така почитуван колега. Како што кажавте. Да се почитува природното и законското право.

Кое законско право почитуван колега? Немаме закон. Тоа и јас го говорам. Нека парламентарното мнозинство, со нивниот коалиционен партнер го достави законот или Владата го достави законот до Собранието за употреба на јазиците. Тоа значи дека говориме за исто.

Не може една иста личност еднаш од ВМРО-ДПМНЕ да биде квалификувана како предавник, праќајќи луѓе кои ќе протестираат покрај нејзиниот дом и нарекувајќи ја предавничка, а од друга страна да кажувате дека сега некакво антиалбанско расположение или не знам што. Не е точно тоа.

Говориме за тоа што самиот говорите. Законско прво, почитуван колега да го донесеме законот за употреба на јазиците, да видиме што ќе понуди Владата во него и така да се применува. Вака не е чесно и не е добро.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам, ви благодарам.

Си земам за право и јас да ви направам...

(Реакции)

А, да, оваа забелешка е на место.

Бидејќи вие од место направивте реплика, да, точно, бевте пријавени за збор. Ќе се исправи тоа.

Да, и колегата кој претходно реплицираше, да го вратиме на местот на листингот на пријавени на дискусија.

Јас ќе си земам за право да искажам три минути реплика почитувана колешке.

Почитувана колешке, колеги пратеници,

Бидејќи пред извесно време разговаравме три дена дебатиравме за овој докуметн, највисок, на Собранието, јас сега замам за право да ви реплицирам вам, слушајќи ве внимателно со она што го искажавте.

Да бидам искрен, со многу работи од она што вие го кажавте се согласувам, од аспект што ова е втор мандат каде што јас и вие заедно сме во овој Парламентарен дом. Така е. Меѓутоа, кај мене преовлада едно чувство, дека сите, на некој начин се согласуваме дека има потреба да се донесе Деловникот на Собранието на Република Македонија. Но, на некој начин, не можеме да се договориме. Очигледно и објективно не можеме да се договориме. И тоа уште во неговата прва фаза. Мене ми е жал за тоа.

Можам да се согласам со тоа дека не е коректно, иако и јас сум еден од предлагачите на овој документ, во мојата дискусија напомнав за тоа дека сериозно ќе инсистирам и интервенирам во тој дел дека не е коректно во првата минута да се пријавите за одредена дебата. Можете да не бидете тука во моментот, да бидете надвор од салата, а да имате голем интерес и желба да дебатирате по одредено прашање. За тоа апсолутно се согласувам дека треба така да биде и дека треба да се размисли во таа насока.

За ограничувањата, пак ќе кажам, не е проблем. Она што вие го говорите, оставивте впечаток дека е можно тоа да се изменаџира, измоделира на некој начин. Ајде да видиме, ако тоа не биде 10, нека биде некој друг временски тајминг за да успееме и тоа прашање да го надминеме.

За ралика од вас и во продолжение на она што го говореше колегата Сафет Незири и јас сум еден од оние кои мислат дека прашањето околу употребата на јазикот овде, барем, иако се уште законот што е обврска од Рамковниот договор не е донесен, некако мораме да го затвориме. За жал, и во претходниот и сегашниот состав, поради одредени политички причини едни од најбитните комисии во Собранието не функционираат. А, сите се залагаме за тоа и со новиот Деловник што е пред нас сега да дадме тежина на работата на комисиите, бидејќи е тоа пракса во секој Европски парламент. Впрочем, и вие сте имале можност да одите надвор, да посетувате одредени парламенти и знаете дека во најголема мера тоа е пракса на секој развиен европски парламент.

И на крајот, внимателно ве слушав, сте разговарале, сте комуницирале со граѓаните. Ајде да ми помогнете, можеби јас немам доволно информации, во која канцаларија? И јас сум еден од амликантите за канцаларија. Се уште не ми е отворена. Оние што бевме во претходниот состеав, или од новиот состав. Тоа е само една помош бидејќи и јас сум апликант за таква канцалација, а се уште немам можност да го работам тоа и да комуницирам со нашите избирачи. Ви благодарам.

Повелете, една минута контрареплика.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван потпретседателе на подршката што ја дадовте на мојата дискусија. Гледам дека во поголем дел се согласувате со она што го кажав.

Што се однесува до употребата на јазиците, вие сега сте дел од парламентарното мнозинство и ако Владата не го поднесе тој закон, а сметате дека е така, добро би било и вие да го подржите, поднесете. Се надевам дека парламентарното мнозинство ќе ви даде подршка, бидејќи овде е дел од парламентарното мнозинство.

Што се однесува до комуникацијата со граѓаните, со граѓаните се комуницира на секаде. Ние сме пратеници избрани од народот. Како што знаеме да ги најдеме во предизборието, да отидеме пред врата, да отидемана плоштадите, така и сега можеме многу лесно да комуницираме со нив. И не мора да го чекаме МБИ да ни отвори канцаларија. Можеме и самите да си отвориме канцаларија. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам и на вас.

Вие баравте збор процедурално колега Макрадули?

Повелете, три минути процедурално господин пратеник Макрадули Јани, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам потпретседателе.

Ме изненадивте во две работи.

Прво, вие сте еден од ретките кој има канцаларија овде во Собранието како потпретседател и мислам дека треба почесто да ја користите таа канцаларија за средби, а не да ни земате ред на нас пратениците, на некои други со амликација во МБИ.

Мојата процедурална забелешка до вас е во кој дел од Охридскот рамковен договор постои обврската за закон за употреба на јазиците? Мислам дека вие како потпретседател на Собранието не можете да користите термини кои не се важечки и не се во реалноста.

Затоа, кога од говорница ќе кажете нешто што не постои, морам процедурално да интервенирам, особено на вашата висока функција што ја вршите.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Тоа е ваше размислување. Јас мислам поинаку.

Благодарам во секој случај.

Колега Горан вие сте за раплика или говор?

За збор, добро.

Во тој случај, наредниот е господинот пратеник Бучковски Владо, тој не е присутен во салата, а останувaат уште пет минути од работното време.

Ве молам, да го тргнеме господинот Бучковски од телопот.

Дали наредниот дискутант, госпоѓица Грковска Славица е доволно времето или ...

(Пратеникот Славица Грковска се изјаснува дека не е доволно времето)

Во тој случај благодарам.

Колеги пратеници, за денеска завршуваме со расправата.

Продолжуваме утре во 11,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 17,56 часот)